**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2020 година и Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2020 година и Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/9
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево(Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2020 година и Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2020 година и Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2020 година бр. 01-61/2 од 18.12.2020 и Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 година бр. 01-61/1 од 18.12.2020, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-291/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА „ЈАНЕ САНДАНСКИ„ПЕХЧЕВО**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Tel/fex ++ 389 033 441128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

Програма за работа на

Општинската установа Дом на култура ,,Јане Сандански,,Пехчево

за 2021 година

СОДРЖИНА

1. Вовед –лична карта на домот

2. Услови за работа –материјално технички

3.Расположливи ресурси во домот

4.Мисија и визија во домот

5.Организациска структура на домот

6. Годишна програма на домот за 2021 година

Вовед

Лична карта на домот

Градот Пехчево се наога на источниот дел на Република Северна Македонија на надморска височина од над 1000 метри. Домот на културата „Јане Сандански„се наога во центарот на градот.Постои од 17.03.1975 година и како центар на културата тука се случувале сите културни збиднувања од нашиот град. Нашиот град Пехчево секогаш имал богата културна традиција која

до ден денес се негува и успешно реализира. Домот на културата „Јане Сандански„ е единствена институција од областа на културата и главен двигател на сите случувања од областа на културно забавниот живот во Општина Пехчево. Работата на домот на културата се базира врз база на проекти и програми подржани од Министерството за култура. Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево од 01.07.2005 година .според законот за култура(службен весник на Р.Северна Македонија има статус на локална установа. Токму затоа сите активности кои се реализираат се ви непосредна корелација со Општина Пехчево.да се следат новите трендови на културата во модерниот свет,духот на новото време кои се реална потреба на населението ,притоа да се опфати зачувувањето на идентитетот на Македонската култура и традиција претставува предизвик за секој културен работник. Ова претставува потреба од менаџирање на веке постоечките капацитети на Домот на културата со нивно целосно ставање во функција на културните потреби на локалното население. Со голема флексибилност во искористувањето на овие капацитети може да се постигне многу на културен план, и да се подигне нивото на културната свест кај народот. Домот на културата е институција од отворен тип,отворена за соработка со сите институции од областа на културата ,образованието,и науката,НВО секторот и сите оние кои се подготвени за соработка. Во склоп на домот на културата постои културно уметничко друштво„Јане Сандански„Пехчево кое брои околу 80 члена.
Во текот на целата година ке имаме многу активности,Манифестација по повод православниот празник Божик,Празнување и одбележување на празникот 8 март ,изложби на разни ликовни уметници, манифестација по повод најголемиот христијански празник Велигден,театарски претстави за деца и возрасни, кино проекција на филм ,Празнување на Павловден, Ослободување на градот 7 септември,Малешевско Пијанечка свадба,Новогодишен концерт ,соработка на КУД „Јане Сандански„со други КУД од земјава и странство.Соработка со општинските установи О.О.У„Ванчо Китанов„ Пехчево изведба на театарски претстави од ученици од училиштето,и разни други културни активности,соработка со градинка 7 „Септември„ Пехчево со Матична библиотека„ Кочо Рацин„ Имаме соработка со други културни уметнички друштва од нашата земја па и од странство,која покана ке ја искористиме во зависност од можноста на финансиските средства,и многу други активности кои ке бидат понудени на домот ке ги прифатиме и реализираме. Во својата досегашна работа ,домот на културата има добиено многу награди,пофалници за учество на фестивали во нашата земја ,па и во странство.

- **Услови за работа, материјално технички**

Домот на културата „Јане Сандански „Пехчево е лоциран во центарот на градот Пехчево на улица „Маршал Тито„бр.1.
Работата на домот на културата се одвива во еден објект ,и тоа
а) зграда со вкупна површина од 540 м2 во која има канцеларија за директор со траса , ,зелена соба за преслекување на играорците ,гардероба ,ходник-кујна.
Потоа има кино сала во која се одржуваат манифестациите,која е реновирана 2005 година .има црвени столици и балкон .
Вкупно можат да се соберат 170 луѓе.
Во зградата на првиот спрат се наога матична библиотека „Кочо Рацин„ .која е посебно од домот на културата.Во близина на домот се наога маркет Кит Го ,плоштад Св.Петар и Павле.и хотел Кит го, и паб Ким. 2009 година беше реконструиран покривот на домот на културата.2010 год.сменет прозорец на помошна канцеларија и ставен ламинат ,доле во влезот се излепени плочки и сменета влезна врата,купени звучници за потребите на домот на културата,2019 година извршена е поправка на еден зид во кино салата .2020 реконструиран и другиот зид во кино салата. Променети се 2 пвц врати, во канцеларија и влез во кино сала,купени се 4 стола, и 3 микрофона за потребите на домот.

- **Расположиви ресурси во домот**

Материјално технички ресурси

| ОУДК,,Јане Сандански,, | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просторија која се користи како | канцеларија | Гардероба | Зелена соба | Кино сала | тераса | Кујна |
| Опременост со аудио визуелни и технички средства | Кино сала прожектор | звушници | печатач | двд | Компјутер Лап топ | лцд |
| Мосии женски и машки | 24 | | | | | |
| опинци | 15 | | | | | |

**Простор**

Просторните услови во домот на културата се добри одговараат на потребите на домот.
Во кино салата се одржуваат театарски претстави ,манифестации,филмови,салата е акустична со 170 седиштаи ги задоволува потребите на домот.
Располагаме со со канцелариски простор , кино сала за одржување на манифестации и прожектор кој не е во употреба.Кино проекцијата ја правиме со лап топ.

**2.Финансиски ресурси**

Од аспект на финансиски ресурси ,покрај средства  што добиваме од културата преку државниот буџет,и од разни проекти имаме помош и од локалната самоуправа,спонзорства од бизнисмени,од закуп на сала,организирање на театри и други извори.

**3.Човечки ресурси**
3.1Вработени

| Ред.бр. | Име и презиме | пол | возраст | стаж | Стручна подготовка | Работно место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Веселинска | ж | 55 | 22 | Високо образование | директор |
| 2. | Љупчо Павловски | м | 49 | 18 | Ссс | Домар Хигиенич. |

**4.Ресурси во опкружување**

Во непосредна близина се наога Матична библиотека ,,Кочо рацин,,црква ,,Св Петар и Павле,,маркет Кит Го,паб Ким,а во поширока околина Општина Пехчево,Здравен дом,Стопанска банка,ООУ,,Ванчо Китанов,,градинка ,,7 Септември,,

- **Културни и образовни установи**

Општинска установа Дом на култура,,Јане Сандански,,Пехчево ООУ,,Ванчо Китанов ,,градинка,, 7 септември,, хор Малешевска китка Пехчево ,со кои установи во корелација и соработка успешно ги реализираме сите активности предвидени во годината ,се со цел да се доближиме до децата и граганите на Пехчево и да им овозможиме образовно и културно издигнување,дружба ,афторитет,социјализација на сите релевантни фактори вклучени во реализацијата на програмата.

- **Невладини организации**

Еколошкото друштво, Здружение на жени Пехчево, Здружение на пензионери Пехчево, Здружение на роми.

**-Спортски клубови**

Во градот постои еден фудбалски клуб Кит Го.

**-Професионални здруженија**

Здружение на земјоделци,здружение на занаетчии,Стопанственици,Здружение на пензионери

**-Трговски друштва**

Мали претпријатија ,средни претпријатија ,Ад

-**Медиуми**

Миа....

**МИСИЈА**

Создаваме културна навика и љубов кон кон уметноста ,традицијата фолклорот.

**МОТО**

Гледај ,учествувај,твори ,играј, пеј,биди активен во сите полиња на животот ,и сето тоа ке ти овозможи културно издигнување.

**ВИЗИЈА**

Сакаме кај децата да го издигнеме културното ниво,да ги откриеме нивните таленти,да им ја пренесеме љубовта кон Етно музиката ,љубов кон танцот и орото,љубов кон стрите носии кои го претставуваат нашиот крај чување на музејското богатство и одржување.

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА**

| ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ |
|---|
| Директор |

| Орган на управување |
|---|
| Управен одбор<br><br>Брои 5 члена 1 од домот на културата<br>2 од локалната самоуправа<br>2 истакнати уметници |

## Организација на домот на културата

Во текот на целата година организацијата на  Домот на културата,,Јане Сандански,, се состои од постојано организирање на културно уметничка програма по повод православните празници,одржување на јавни трибини,невладини организации,организирање на манифестации од ООУ,,Ванчо Китанов,, Градинка ,,7 Септември,,во соработка со домот мултимедијални претстави,театарски претстави за деца и возрасни,промоција на книги,програма по повод светскиот дена на Ромите,Изложби,манифестација по повод ОЖП,хор на деца при домот на културата ,(пензионерски хор) Хор Малешевска китка. Културно уметничко друштво кое постои повеке години со чија помош ја претставуваме нашата земја ,фолклорот ,традицијата,внатре и надвор од нашата земја.Организација на фестивал ,, Распеано Малешевче,,кое финансиски подржано од министерството за култура се одржа четири пати.Одржување на Малешевско Пијанечка свадба во функција на туристичка понуда на регионотво која како партнерисе појавуваме и ние со Куд ,,јане сандански,,и ред други активности во текот на годината ке ги реализираме ,во зависност од потребите и условите  предложени од разни граѓански асоцијации.

## Годишна програма на домот на културата по месеци за 2021 година

**Јануари** - Божикен концерт,Стендап комедија ,Ратевски Бамбурци,изложба на изработка на производи од волна од Фроска Каракутовска ,

**Февруари-**Театарска претстава за деца ,Промоција на книга,изложба од Христина Деовска ,изложба на уметнички дела изработени од дрво од Зоран Бојчовски,

**Март-**Изложба по повод 8 Март,Изведба на КУД,,Јане Сандански,,Пехчево ,читање поетски творби,детски хор ООУ,,Ванчо Китанов,,гостување на балетска група на деца од ЦК,,Ацо Караманов,, Радовиш.

**Април-**Првоаприлски маскембал,Театарска претстава,Светски ден на Ромите,Избор на најубаво украсено велигденско јајце,Велигденска Манифестација.

**Мај-** 24Мај Културно уметничка програма, гости КУД ,,Димитар Беровски,,Учество на КУД во Србија

**Јуни-**Проекција на филм,Учество на манифестација ,,Денови на домовина културата ,,Концерт на самостојни уметници

**Јули-**Летен културен бран,саем на традиционални производи Пехчевски Павловден,Куд ,,Јане Сандански,,Пехчево,учество на КУД ,,Димитар Беровски,

**Август-**Илинденски средби,малешевско Пијанечка свадба,Учество на Куд во Бугарија

**Септември—**Манифестација по повод 7 Септември ,Ослободувањена Градот,-изложба ,претстава за возрасни,

**Октомври-**промоција на книга,театар за возрасни,

**Ноември-**Детски фестивал на фолк и забавна имитација

**Декември-**Новогодишен концертна КУД,,Јане Сандански,,Новогодишна театарска претстава

## Извештај за програмата 2020 год

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево како и секоја година почна со упис  на деца членови во играорна група КУД,,Јане Сандански,,Пехчево кое брои околу 70 деца.
Со играње и учество на децата го развиваме колективниот дух кај најмалите ,развиваме осет за социјализација ,доприност кон духовно развивање на дечињата, и развој на традицијата и култура.

Го промовираме нашиот град во земјата ,па и надвор од неа. Обележување на Св.Трифун празник налозјата ,овошките,празник на виното и љубовта Убав настан проследен со дружење,пишување,награди на учесниците. Настан на децата од играорна група со кој покажаа дека освен што знаатубаво да играат народни ора ,знаат да пишуваат и убави песни да творат,да цртаат,да кажуваат афоризми ,знаат да се дружат и смеат. Обележување на денот 8 ,март го обележавме со изложба на цртежи и честитки од страна на учениците од основното училиште„Ванчо Китанов„ и детската градинка „7 септември„ Со ликовни и уметнички творби децата при КУД„Јане Сандански„Пехчево се претставија во Домот на културата со читање и посакување на срекен 8 март на сите мајки ,баби,девојки. Литературен и ликовен конкурс со освојување на награди и пофалници и истите им доделени од страна на Домот на културата.
После ненадејно дојде пандемијата која ни ги прекина сите активности ,за која имавме известување да ги прекинеме сите активности се до нејзино стабилизирање ,која не стави во фаза на чекање, и се се сведе на разговори по телефон и онлајн контакти. 7 Септември Ослободување на градот ,го обележивме со положување на свежо цвеке на споменикот Ванчо Китанов од страна на преставници на домот на културата. Пандемијата ја искористивме за други активности кои беа планирани во програмата.Промена на 2 пвц врати во канцеларија и кино сала. Поправка и реконструкција на зид во кино сала.И други тековни поправки. Од страна на домот на културата извршивме истажување во врска со луге кои ја негуваат нашата традиција ,култура,кои се жители на на градот Пехчево. Изработка на производи со волна од страна на Фроска Каракутовска ,И производи од дрво од страна на Зоран Бојчовски. Имаме преговори со изведба на театри,излошби и стендап комедија ,но поради пандемијата и разговор со граганитеод Општината , решивме да оставиме за наредната година да се среди ситуацијата со Ковид. По повод Новогодишните и Божикните празници распишавме конкурс за изработка на Новогодишна честитка со пишана порака. Активно учествуваа децата од ОУ„Ванчо Китанов„ Пехчево .Од наша страна им беа доделени дипломи и благодарници за освоени прво второ и трето место , со скромни поклони,посакувавајки им плодна и успешна соработка со Домот на културата и догодина.

ОУДК„Јане Сандански„Пехчево

Валентина Веселинска
Директор

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучок за не именување на членови на**
**Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/10
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не именување на членови на Управен одбор**
**на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Точката ќе се разгледува на наредната седница на совет.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-292/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на Пречистен текст на Статут на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Пречистен текст на Статут на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/11
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 ства 1 точка 1 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за усвојување на Пречистен текст на Статут на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево

### Член 1

Се усвојува Пречистен текст на Статутот на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево.

### Член 2

Пречистениот текст од Статутот на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево е составен дел од оваа одлука.

### Член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавување со Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-293/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ДК Јане Сандански

Пехчево

# СТАТУТ

## НА ОУ ДОМ НА КУЛТУРАТА

## ,,ЈАНЕ САНДАНСКИ,,

## ПЕХЧЕВО

ДОМ НА КУЛТУРАТА
"ЈАНЕ САНДАНСКИ" ПЕХЧЕВО
Примено: 14.01.2021
02 7/1

Врз основа на член 35 став 1 точка 1,а во врска со член 25 став 2 од законот за култура(службен весник на Р.С.Македонија бр 31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11, 51/11,126/11,23/13,187/13,44/14,61/15,154/15,39/16,11/18) и врз основа на член 36 став 1 точка 4 од законот за локална самоуправа,и член 30 точка 25 од Статутот на Општина Пехчево,(сл.гласник на Општина пехчево бр 06/2016 ) а во врска донесена одлука за усвојување на одлуката за изменување и дополнување на статутот бр 08-594/1од 10.05.2018 год. Управниот одбор на Општинската установа -Дом на култура ,,Јане Сандански,,Пехчево на седницата одржана на ден 14.01.2021 год донесе:

# СТАТУТ

## ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА,,ЈАНЕ САНДАНСКИ,,

## ПЕХЧЕВО

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ПОЛОЖБА НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА -ДОМ НА КУЛТУРА ,,ЈАНЕ САНДАНСКИ,,ПЕХЧЕВО

Член 1

Општинската установа -Дом на култура ,,Јане Сандански ,,Пехчево (во понатамошниот текст -Дом на култура )го организира и развива културното живеење и творење ,овозможува уметничко и креативно изразување ,потикнува интеркултурни иницијативи ,работи на афирмација на творештвото на различни заедници кои живеат во општината,создава простор за нови културни и уметнички експерименти кои кои ке се стремат кон нови естетски форми и ке креираат свет за културата и уметноста низ комуникација со граганите и нивното учество преку најразчични уметнички форми.Во својата работа домот на културата ги вклучува творците-уметниците ,кои ке бидат интехгрирани како креативна сила со промоција на културните случувања и ке бидат клучни елементи за создавање на културни и уметнички богатстав и ресурси.

ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Член 2

Со овој Статут поблиску се уредуваат називот, седиштето ,застапувањето управувањето и раководењето со домот на културата,дејноста општите акти,и постапката за нивно донесување,информирање,планирање и програмирање на работата,финансирањето,како и другите прашања од значење за домот,утврдени со закон за култура и друг закон.

ПРАВЕН СТАТУТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА

Член 3

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево е Општинска установа од областа на културата.

Домот на културата има правно лице ,со права и обврски утврдени со закон и со овој статут,а за своите обврски одговара со своите средства со кои располага ,за целиот износ на обврските.

Во правниот промет со трети лица домот на културата на стапува на свое име и за своја сметка со права и обврски утврдени со Закон и со овој Статут.

ОСНОВАЧ И СУКЦЕСИЈА

Член 4

Домот на културата е основан со Одлука на Советот на Општина Пехчево со која се превземени оснивачките права на установата основана од Владата на Р.С.Македонија (Одлука бр.0701-31/1 од 26.07.2004 година)и со оваа одлука Домот на културата продолжува да работи како Општинска установа од областа на културата.

Владат на Р.С.Македонија преставувана од Министерството за култура на 19.05.2005.година склучија писмен договор со Општина Пехчево,со кој договор на Општина Пехчево и се пренесени недвижните ствари,опремата вработените и други средства за работа од Владат на Р.С.Македонија (Договор бр 0307-106/1)од 19.07.2005 година.Со склучување на овој договор Домот на културата сите средства кои и беа остапени од Владата на Р.С.македонија.

Домот на културата,,Јане Сандански,,Пехчево продолжува со работа како Општинска установа и е правен следбеник на Домот на културата,,Јане Сандански,,-Пехчево како национална установа основана од Владата на Р.С.Македонија.

НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 5

Полниот назив на установата -Дом на култура гласи:

Општина Пехчево,Општинска Установа-Дом на култура,,Јане Сандански,,

Пехчево.

Скратениот назив на општинската установа гласи:

Дом на култура,,Јане Сандански,,-Пехчево.

Седиштето на Домот на културата е во Пехчево на ул,,Маршал Тито .бр 1

Домот на културата Пехчево е запишан во трговскиот регистар од неговиот претходник-Р.С.М-Влада на Р.С.М-Министерство за култура во Основниот суд во Штип и е негов правен следбеник во регистерска влошка број -------------

Член 6

Домот на културата има печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 3 см. Во средината на кругот е испишан текстот Дом на култура ЈАНЕ САНДАНСКИ.

Штембилот има правоаголна форма со димензии 5x2 см на кој е впишан текстот Дом на културата Јане Сандански.

Под текстот стои линија за деловоден број и место за датум.

На долниот крај од печатот пишува Пехчево

Начинот на користење на печатот се уредува со акт,кој го донесува Управниот одбор на домот на културата.

Печатот и штембилот ги чува и употребува овластено службено лице,определено со решение на Директорот.

Лицето од став 7 на овој член и Директорот се одговорни за правилно чување и употреба на печатот и штембилот.

ОВЛАСТЕНИ ПОТПИСНИЦИ НА СМЕТКАТА

Член 7

Домот на културата има буџетска сметка и е единка -корисник на Буџетот на Општина Пехчево.

Овластен потписник на жиро -сметката на Домот на културата „Јане Сандански„-Пехчево е Директорот на домот без ограничувања.

ЗАШТИТЕН ЗНАК НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА

Член 8

Домот на културата има заштитен знак кој се утврдува со посебна одлука.

ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

Член 9

Во правниот промет Домот на културата го претставува и застапува Директорот.

Директорот може да овласти друго лице да го застапува домот на културата на начин и под услови утврдени со закон и со овој Статут.

СОРАБОТКАТА НА УСТАНОВАТА

ЧЛЕН 10

Дом на култура во своето работење е отворен за соработка со сите останати културни институции во Р .С. Македонија од национален и локален карактер.

Во рамките на своето редовно работење Домот на културта соработува и со останатите културни организации,приватни културни,установи,невладини

организации, здруженија на граѓани и фондации од обласа на културата. Отворен е за соработка за цели на културата и со меѓународни културни институции.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА

*А) ОСНОВНИ ДЕЈНОСТИ*

*Член 11*

Во рамките на основната дејност, Домот на култура ќе ги врши следните основни дејности, според националната класификација на дејностите и тоа:

92.31 Уметничка дејност

92.31/1 Создавање и итерпретација на уметнички дела

92.31/2 Подготвување и објавување на уметнички дела

92.32 Дејности на посредување во културата и дејност на објектите за култура

92.52 Дејност на музеи, кинотеки и заштита и користење на архитектонско богатство

1. Врши програмско и функционално поттикнување и развој на културата;
2. Го потикнува творештвото на децата и младите, со посебен акцент на културно – уметничкиот аматеризам;
3. Врши систематско истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на движното културно богатство, предмети и експонати;
4. Врши објавување на културно – уметнички дела;
5. Го зачувува и негува афтентично фолклорно богатство;
6. Врши претставување на музичките, музичко сценските, ликовните, театарските, литературните, филмските и останатите уметнички творења;
7. Се грижи за унапредување на културно – забавните активности;

8. Организирање на Фестивалот на дувачки оркестри –Пехчево и Етно – саемот Пехчевски Павловден;

9. Се грижи за усовршување на стручните кадри;

10. Соработува со разни институции од земјава, првенствено од областа на културата и со здруженија и невладини организации од граѓанскиот сектор, со кои се остваруваат и реализираат проекти од областа на културата и уметноста.

11. Врши и други работи од областа на културата што и се ставени во надлежност со закон.

*Б) ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ*

*Член 12*

Дополнителни дејности се:

22.1 Издавачка дејност

22.15 Друга издавачка дејност

92.13 Прикажување на филмови

Информатичка дејност

## 3. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА

*ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА*

*Член 13*

Работењето на Домот на култура не се организира по сектори, а начинот на извршување на работата се организира со работни места со прецизен назив, опис услови и број на извршители. Работните места, обврските и бројот на извршители по работни места се определува со општ акт – Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во домот на култура.

## 4. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

*ОРГАНИ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА*

*Член 14*

Органи на домот на култура се Директор и Управен одбор.

*А) ДИРЕКТОР*

*Член 15*

Орган на раководење на Домот на култура е Директор.

Директорот на Домот на култура:

Ја води работата на Домот на култура;

Го застапува Домот на култура и одговара за материјално финансиското работење и за законитоста и економичноста на неговата работа;

Донесува годишна програма за работа на домот по претходна согласност на Управниот одбор.

Ги извршува Одлуките на Управниот одбор.

Донесува акт за систематизација и организација на работните места, односно акт за распределба на плати на кој согласност дава Управниот одбор.

Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон.

Формира уметнилки, односно стручен совет и други советодавни тела ( трајни и повремени), согласно со Статутот.

Поднесува годишен извештај за работата пред Управниот одбор.

Одобрува службени патувања во земјата и во странство.

Раководи со организацијата и спроведувањето на подготовките на одбраната.

Се грижи за правилно и навремено информирање ба вработените и јавноста.

Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти.

Врши и други работи согласно закон и овој Статут.

Член 16

Директорот за реализација на сеопфатните културни проекти и акции,формира советодавни тела .

Член 17

Директорот на домот на културата се избира по пат на јавен конкурс ,кој го распишува Општината преку Градоначалникот и кој се објавува преку средствата за јавно информирање согласно закон.Директорот се избира за време од 4 (четири )години и може повторно да биде избран.

Член 18

За директор на Домот на културата може да биде именувано лице кое покрај со закон предвидените услови,ги исполнува и следниве услови:

-Да има висока стручна спрема ,од областа на образованието,науката и културата.

- да има минимум 5 години работен стаж во областа на културата или 5 години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело.

-директорот кој е именуван во периодот од денот на влегување во сила на законот за именување и дополнување на законот за култура (службен весник на Р.С.Македонија ,бр11/18 од 1 септември 2018 год )е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од 1 година од денот на неговото именување.

-да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија дејност или должност.

Член 19

Кандидатите за Директор на конкурсот за должително доставуваат свој предлог на работа и развој на Домот на културата.Градоначалникот го избира и разрешува директорот ,најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

*Член 20*

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој што е избран.

Директорот може да биде разрешен:

- На лично барање
- Ако не ја остварува програмата за работа
- Ако по негова вина е нанесено штета на домот на култура
- Ако не работи во согласност со закон и овој Статут и во други случаи предвидени со закон.

Директорот на домот на култура кој не е повторно именуван за директор или е разрешен има права и обврски од работен однос согласно закон.

*Член 21*

Во случај кога не е избран директор на домот култура, или предвреме му престанал мандатот, Градоначалникот на Општина Пехчево веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс од редот на вработените.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на домот на култура.

Вршителот на должноста директор, се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Општината преку Градоначалникот, веднаш по именувањето на вршител на должноста, распишува конкурс за избро на директор на домот.

Б) УПРАВЕН ОДБОР

*Член 22*

Орган на управување на домот на култура – Пехчево е управниот одбор.

Управниот одбор го сочинуваат пет претставници што ги именува и разрешува Градоначалникот на Општина Пехчево, од кои тројца представници се од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и еден представник од вработените на домот на култура.

Претседателот на управниот одбор се избира од редот на именуваните членови на првата конститутивна седница на одборот.

Претседателот на члeновите на Управниор одбор на домот се именуваат врз принципот на стручност и компетентност, за време од четири години и може да биде повторно именувани.

На претседателот и членовите на Управниот одбор им следува соодветен надоместок што го определува Градоначалникот на општината.

*Член 23*

Управниот одбор на Домот на култура:

1. Донесува Статут
2. Ги утврдува принципите и политиката за развој и работа на домот
3. Дава согласност на годишната програма
4. Го усвојува годишниот извештај за работа на домотпо предлог на директорот
5. Дава согласност на актот за организација на работата систематизација на работните места и на правилникот за плати
6. Донесува документи за финансово работење на домот, согласно со прописите за материјално и финасиско работење
7. Одлучува во втор степен за решенијата што ги донесува директорот
8. Дава образложен предлог на Градоначалникот на општината за разрешување на директорот
9. Донесува деловодник за својата работа
10. Одлучува по барање за спонзорства и за солидарна помош
11. Врши други работи утврдени со закон и овој статут

Со работата на Управниот одбор раководи претседателот согласно со Деловодник за работа на управниот одбор.

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

*Член 24*

Лица на кои им е изречена мерка на безбедност, забрана на вршење професија, дејност или должност, не можат да бидат именувани за претседател и членови на управниот одбор.

*Член 25*

Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот во случаите кога:

- Неоправдано не присуствуваат на седниците
- Не учествуваат во работата на управниот одбор
- Работат спротивно на закон или домот на култура не ја остварува својата функција и
- На лично барање

## 5. ДРУГИ СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА

А) СОВЕТОДАВНИ ОРГАНИ

*Член 26*

Директорот на установата може да формира постојани и повремени советодавни тела ( уметнилки односно дтручни совети, комисии, работни групи).

Постојани помошни тела се:

1. Стручен совет на културна дејност
2. Стручен совет на самостојни дејности

Составот на помошните тела се утврдени со одлуката за формирање, а во нив покрај вработените, се именуваат и преставници кои имаат афинитети кон одделните дејности.

Помошните тела не можат да бидат овластени за одлучување, ниту пак директорот може да им ги пренесе своите овластувања.

Помошните тела помагаат во работата на директорот, односно Управниот одбор.

Одлучувањето во овие тела е со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

### 3. ДРУГИ ОПШТИ АКТИ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА

Чл.27

Внатрешното функционирање на домот на култура, освен со овој Статут, се уредува и со други општи акти.

Актите од став 1 на овој член, мораат да бидат во согласност со закон и со овој Статут.

Чл.28

Општите акти ги донесува управниот одбор на домот, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Предлозите на општите акти ги утврдува Управниот одбор или комисиите кои ги формира управниот одбор за таа цел.

Чл.29

Актите стапуваат на сила со денот на нивното објавување на огласната табла на домот.

Чл.30

Измената на општите акти се врши на начин и постапка пропишана за нивно донесување.

Чл.31

Покрај Статутот на домот, управниот одбор ги донесува и следните општи акти:

Деловник за работа на управниот одбор;
Правилник за заштита од пожари;
Правилник за заштита при работа;
Правилник за работните односи;

Чл.32

Директорот на домот ги донесува следните општи акти:
Правилник за организација и систематизација на работните места
Правилник за платите.
Согласноста на спомеатите акти ја дава управниот одбор на домот.

Чл.33

Рокот за донесување на актите од чл.31 на овој статут изнесува три месеци од денот на стапување во сила на овој статут.

Рокот за донесување на актите од чл.32 на овој статут изнесува еден месец од денот на стапување во сила на овој Статут.

## *4. ДЕЛОВНА ТАЈНА*

Чл. 34

Под деловна тајна се подразбираат следните документи и податоци:

-Актите што ќе ги прогласи Управниот одбор на домот за деловна тајна;

-Документи што содржат понуди за конкурс или јавно наддавање до објавување на резултатите од конкурсот, односно од јавното наддавање;

- Податоци и документи што се од посебен економски и јавен интерес.

Чл.35

Деловната тајна се должни да ја чуваат сите вработени, на кои таа ќе им биде пренесена во согласност со законот и општите акти на домот;

Повреда на должноста, а заради оддавање на деловна тајна повлекува одговорност;

Спрема одговорното лице ќе се применат мерки утврдени со законот и општите акти на домот.

Чл.36

Начинот на ракувањето со документите и податоците кои претставуваат деловна тајна и условите на чување на деловната тајна поблиску се уредуваат со посебен акт.

Со актот од став 1 на овој член се утврдуваат условите за формирање посебен орган за надзор за чување на деловната тајна.

Актот од став 1 на овој член го донесува управниот одбор.

Чл.37

Записниците од управниот одбор и другите облици на лично изјаснување на вработените и сите други органи во домот се акти со кои се утврдува работата и донесените одлуки.

Чл.38

Записниците се водат-се составуваат во работата на сите органи и на состаноците на сите тела.

Чл.39

Записникот на органот мора да биде потполн, вистинит и мора точно да го одразува текот на работата и суштината на сите донесени одлуки и ставови.

Записникот на органот мора да го содржи резултатот од гласањето и кога законот пропишува, треба да го содржи и личното изјаснување на поединечните членови. Записниците се чуваат согласно прописите за чување на архивската граѓа.

## 5. ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА

Чл.40

Домот на култура во мирно време во рамките на на својата редовна дејност врши подготовки за одбрана и превзема мерки за работа во воени услови.

Подготовките за одбрана во домот се заснонуваат врз плановите и одлуките на надлежните органи и врз сопствените планови и одлуки.

Чл.41

Работата на домот во вонредни и воени услови, поблиску се уредува општ акт, во согласност со закон.

## 5. ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ДОМОТ

Чл.42

За целокупната документација, која се создава во работењето на домот се води евиденција.

Евидентирањето и постапувањето со документарниот материјал се врши согласно законот за архивска граѓа, односно согласно уредбата за архивско и канцелариско работење.

## 6. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДОМОТ

Чл.43

Средства на домот се:

- Деловни средства (основни и обратни)
- Резервните средства.

Средставата од став 1 на овој член се сопственост на Општина Пехчево.

## 1. КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Чл.44

Со средствата што ги користи домот од името на Општина Пехчево располага Советот на општината и Градоначалникот.

Домот ги користи средствата во согласност со нивната намена и работите и задачите што ги врши. Домот е должен да обезбеди грижливо и совесно ракување, чување и заштитан а средствата, нивно економично и целесообразно користење, како и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користење, управување и располагање со тие средства.

Вработените во домот имаат права , обврски и одговорности да обезбедат грижливо и совесно ракување, чување и заштита на средствата и нивно економично и целесообразно користење.

Чл.45

Домот своите потреби од средствата ги планира во согласност со плановите и проектите што таа ги донесува, а кои се однесуваат на потребата за осовременување и модернизација на техничката база.

Чл.46

Средствата предвидени за набавка во домот, се прибавуваат во рамките на средствата предвидени во буџетот на Општина Пехчево, остварени сопствени приходи, донации и подароци.

## *2. ПРИБАВУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*

Чл.47

Средствата потребни за извршување на работите и задачите на домот се прибавуваат на начин и постапка утврдени со законот за јавни набавки.

Чл.48

За прибавување на недвижни средства за потребите на домот, одлучува Советот на Општина Пехчево односно Градоначалникот.

## *3. РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ШТО ГИ КОРИСТИ ДОМОТ*

Чл.49.

Средствата кои домот не ги користи , можат да се продадат, заменат или издадат под закуп.

Постапката од став 1 на овој член се спроведува според постапката предвидена како за средства со кои располага Општина Пехчево.

## *7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА*

Чл.50

Домот на култура својата дејност ја извршува преку финансирање од следните извори:

- Буџетот на Општина Пехчево
- Сопствени извори (билети, услуги, членарини, закупнини и друго)
- Донации.
- и друго согласно законот за култура и прописите за буџетско и материјално финансирање.

## *8. НАЧИН НА РАБОТА*

Чл.51

Директорот на домот со посебна одлука го усогласува работното време на домот согласно законот за работни односи односно колективен договор на ниво на домот.

Чл.52

Во актот за организација и систематизација на работните места се определуваат работни места во домот кои се засноваат на неопределено време и работни места кои се засновуваат на определено време со склучување на договор за работа.

Работниот однос во домот за вршење на уметничка, односно стручна работа се заснова со склучување на договор за работа меѓу работникот и директорот за период од 5 години за работни места утврдени во актот за организација и систематизација на работните места.

На секои 5 години за лицата со кои е склучен договор за вршење на уметнички, односно стручни работи во домот, се спроведува постапка за реаудиција-тестирање-рецензија, заради обновување на договорот за наредните 5 години. Реаудицијата се спроведува согласно актот за реаудиција-тестирање -рецензија.

Чл.53

Штрајкот во домот се остварува согласно одредбите за штрајк, односно согласно законот за култура и законот за јавни претпријатија.

## *9. ИМОТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА*

Чл.54

Целокупниот порамнешен имот на Домот на култура "Јане Сандански" Пехчево како републичка установа кој се состои од недвижен имот, предмети, материјални права и парични средства, преминува во владение и сопственост на Домот на култура "Јане Сандански" -Пехчево како општинска установа односно на Општина Пехчево.

## *10. ИНФОРМИРАЊЕ*

Чл.55

Домот на култура обезбедува редовно и навремено информирање на вработените за годишни и повеќегодишни планови за развој.

Организациони промени

Значајни деловни и развојни решенија

Одлуки со кои се уредуваат правата на вработените. Информирањето се врши писмено и усно. Општите акти се објавуваат на огласна табла на домот.

Чл.56

Домот во своето работење обезбедува јавност. Домот редовно и навремено ја информира пошироката јавност со која и соработува во отворениот дијалог за културата и уметноста.

11.ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 57

Постапката за изменување и дополнување на Статутот на домот е соодветна како постапката за донесување на Статут.

12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Толкувањето на одредбите на овој Статут е во надлежност на управниот одбор на домот.

Член 59

Овој статут влегува во сила со денот на добивањето на согласност од Советот на Општина Пехчево.

Член 60

Со влегување на сила на овој Статут престанува да важи претходниот Статут бр 0101-118од 23.12.2005 год.на Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево како Општинска установа .

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Дом на култура,,Јане Сандански,,

Претседател на управен одбор

Надица Сасанска

Сасанска............

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на локален акциски план за стратегија на ромите Пехчево 2021-2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на локален акциски план за стратегија на ромите Пехчево 2021-2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/12 — Градоначалник на
10.03.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/201, 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 10.03.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Локален акциски план за стратегија на ромите Пехчево 2021 - 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Локалниот акциски план за стратегија на ромите Пехчево 2021 - 2022 година;

**Член 2**

Локалниот акциски план за стратегија на ромите Пехчево 2021 - 2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-294/1 — Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

| **Област** | **Приоритети** | **Активности** | **Резултати** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Образование** | | | | | | |
| Предшколско образование | Зголемување на бројот на децата Роми во предшколското образование и деца кои ги преминуваат во основно образование | Обезбедување на простор за физичка активност на децата во предшколската возраст | Обезбеден простор за физичка активност на децата во предшсколска возраст | Број на деца Роми кои редовно посетуваат настава | 2021 | 150,000.00 |
| | | Одржување на мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Одржани мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Број на одржани средби | 2021 | 120,000.00 |
| | | Вработување на негувателка Ромка и обуки за наставен кадар и стручниот персонал во градинките за работа со деца од ранлива група | Вработена Ромка негувателка и одржани обуки за за наставен кадар и стручниот персонал во градинките за работа со деца од ранлива група | Вработена 1 ромка како негувателка и број на одржани обуки за наставен кадар и стручниот персонал во градинките за работа со деца од ранлива група | 2022 | 200,000.00 |
| | | Обезбедување на дикдактички работни матерјали за децата Роми | Обезбедени диктатички работни материјали за децата Роми | Број на деца кои добиле ваков матерјал | 2021 | 300,000.00 |
| | | Обезбедување на финансиска подршка за вклученост на децата Роми во предшколско образование | Обезебедена финансиска подршка за вклученост на децата Роми во предшколско образование | Број на деца кои редовно учсетвуваат во предшколско образование | 2022 | 180,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | Зголемување на бројот на ученици Роми кои го завршуваа основното образование | Обезбедување на менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во основно образование | Обезбедена менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во основно образование | Број на деца кои го подобриле својот успех со помош на менторската/туторската поддршка | 2022 | 150,000.00 |
| | | Обезбедување на финансиска поддршка (стипендии) за децата во основно образование | Обезбедена финансиска поддршка (стипендии) за децата во основно образование | Број на деца Роми кои добиваат стипендија | 2022 | 600,000.00 |
| | | Одржување на мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Одржани мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Број на оддржани средби | 2021 | 100,000.00 |
| | | Доградба на дополнителен простор во основното училиште во с. Црник | Доградба на 4 училници во основното училиште во с. Црник | Воспотавена една смена за сите ученици кои посетуваат настава во ова училиште | 2021-2022 | 1.200.000.00 |
| | | Обезбедување на училишен прибор за децата од социјално ранливи ромски семејства | Обезбеден училишен прибор за децата од социјално ранливи ромски семејства | Број на деца кои добиваат училишен прибор | 2022 | 300,000.00 |
| | | Обезбедување на менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во основно образование | Обезбедена менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во основно образование | Број на деца Роми кои го подобриле успехот со менторска/туторска поддршка | 2022 | 200,000.00 |
| | | Ангажирање на ромски образовен медијатор | Ангажиран ромски образовен медијатор | Број на деца кои го завршуваат основното образование | 2022 | 600,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно образование | Зголемување на бројот на ученици Роми вклучени во средното образование | Обезбедување на менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во средно образование | Обезбедена менторска/туторска поддршка на децата Роми со послаб успех во средно образование | Број на деца кои ја користат оваа поддршка | 2022 | 200,000.00 |
| | | Обезбедување на финансиска поддршка за вклученост на децата Роми во средното образование | Обезбедена финансиска поддршка за вклученост на децата Роми во средното образование | Број на деца Роми кои добиваат финансиска поддршка | 2022 | 300,000.00 |
| | | | Одржаување на мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Број на оддржани средби | 2021 | 100,000.00 |
| | | Зголемување на бројот на ученици Роми вклучени во високо образование | Обезбедување на кариерен центар | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Високо образование | Зголемување на бројот на ученици Роми вклучени во високо образование | Обезбедување на менторска /туторска поддршка на децата Роми во високото образование | Обезбедена менторска /туторска поддршка на децата Роми во високото образование | Број на деца кој користат ваква поддршка | 2022 | 200,000.00 |
| | | Обезбедување на финансиска поддршка | Обезбедена финансиска поддршка | Број на деца кој ја користат оваа поддршка | 2022 | 300,000.00 |
| | Зголемување на бројот на ученици Роми кои го завршуваа високото образование | Одржаување на мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Одржани мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Број на одржани средби | 2022 | 100,000.00 |
| | | Спроведување на анализа за потребата од дообразование на возрасни | Спроведена анализа за потребата од дообразование на возрасни | Број на дадени препораки согласно извршената анализа | 2022 | 120,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ( Поттикнување на ромската популација за поддршка на концептот на доживотно учење) Зголемување на бројот на возрасни Роми кои го дооформиле своето образование | Обезбедување на стручна и финансиска поддршка за комплетирање на образованието кај возрасните лица Роми | Обезбедена стручна и финансиска поддршка за комплетирање на образованието кај возрасните лица Роми | Број на возрасни Роми кои го дооформиле своето образование | 2022 | 250,000.00 |

| **Област** | **Приоритети** | **Активности** | **Резултати** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вработување** | Зголемување на вработеноста кај ромското население во општина Пехчево | Анализа на состојбата и потребите за вработување на лицата Роми | Изготвена анализа за состојбата и потребите за вработување на лицата Роми | 1. Изготвена мапа за состојбата и потребите за вработување на лицата роми.<br>2. Лоцирани конкретни проблеми и преораки за подобрување на состојбата со вработување | 2022 | 1.200.000.00 |
| | | Информативни средби за начинот на користење на активните мерки за вработување | Реализирани информативни средби во Ромската заедница во општина Пехчево и с.Црник за начинот на користење на активните мерки за вработување | 1.Број на реализирани средби<br>2.Број на присутни лица Роми на средбите ( листа на присутни и фотографии од одржани средби ) | 2022 | 50,000.00 |
| | | Обезбедување на помош и поддршка за користење на активните мерки за вработување | Обезбедена и пружена поддршка на Роми од општина Пехчево и с.Црник за користење на активните мерки за вработување | Број на роми кои започнале користење на активните мерки за вработување | 2022 | 100,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Отварање на ромски информативен центар | Вработен Ромски Информативен Центар/РИЦ во Пехчево | 1.Вработено 1 лице како РИЦ.<br>2.Број на решени случаи на Роми во Пехчево и с.Црник | 2022 | 500,000.00 |
| | | Средби со бизнис заедницата за зајакнување на свеста за вклучување на Роми на пазарот на трудот | Одржани средби со бизнис заедницата за зајакнување на свеста за вклучување на Роми на пазарот на трудот | 1.Број на одржани средби<br>2.Број на лица Роми ангажирани на пазарот на трудот | 2022 | 120,000.00 |
| | | Поддршка на најмалку 15 Роми за отварање на бизнис и обезбедување на менторска поддршка за водење на бизнисот најмалку 2години. | Обезбедена и испорачана поддршка за отварање на бизнис, како и обезбедена постојана менторска поддршка за водење на бизнисот во првите 2 години | Број на вработени лица во локална администрација, и во приватен сектор | 2022 | 100,000.00 |
| | | Обезбедување на најмалку две вработувања на лица Роми во локалната администрација и 5 лица во приватен сектор | Обезбедени најмалку2 вботени лица Роми во локалната администрациј а и најмалку лица во приватен сектор | Број на вработени лица во локална администрација, и во приватен сектор. | 2022 | 120,000.00 |
| **Област** | **Приоритети** | **Активности** | **Резултати** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Буџет** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Здравство** | Подобрување на здравствената состојба кај ромското население | Реорганизација на службата за итна медицинска помош и домашно лекување во Пехчево | Обезбедена редовна итна медицинска помош заомашно лекување во Пехчево и с.Црник | 1.Функционална итна медицинска помош.<br>2.Број на извршени домашни посети во ромски семејства во Пехчево и с.Црник | 2022 | 600,000.00 |
| | | Обезбедување на постојано присуство на лекар во селската амбуланта во с.Црник | Обезбеден постојан лекар во селската амбуланта во с.Црник | 1.Одлука/Решение за обезбедување на постојан лекар.<br>2.Број на спроведени прегледи.<br>3.Број на пациенти во дата базата на ангажираниот лекар. | 2022 | 100,000.00 |
| | | Обезбедување на ромски здравствен медијатор | Вработен ромски здравствен медијатор | 1.Потпишан договор за работа.<br>2.Број на реализирани средби во ромските семејствата.<br>3.Број на случаи решени со помош на здравствениот медијатор. | 2022 | 150,000.00 |
| | | Активности за зголемена информираност за подигнување на свеста за редовни прегледи и контроли на ромското население | Зголемен степен на информираност кај ромската заедница во Пехчево и с.Црник за важноста од редовни прегледи | Број на роми кои редовно посетуваат лекар за превентивни прегледи | 2021 | 300,000.00 |
| | | Обезбедување на гинеколог во с.Црник и патронажна сестра | Обезбеден гинеколог и патронажна сестра во с.Црник | 1.Обезбедување на гинеколог и патронажна сестра.<br>2.Број на спроведени прегледи и посети.<br>3.Број на пациенти во дата базата на ангажираниот гинеколог | 2022 | 150,000.00 |
| | | Реновирање и опремување на објектот за селската амбуланта | Реновирана и опремена селската амбуланта во с.Црник | 1.Донесена одлука за реновирање и опремување на селската амбуланта.<br>2. Изготвена проектна документација<br>3.Селската амбуланта пуштена во употреба | 2022 | 600,000.00 |

| **Област** | **Приоритети** | **Активности** | **Резултати** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Домување** | Подобрување на условите за живеење на ромската заедница во општина Пехчево и с.Црник | Изведба, реконструкција и рехабилитација на главна селска улица во с.Црник | Подобрен пристап на жителите на с.Црник до домовите и олеснето движење со подобрена сигурност | Изведена, реконструирана и рехабилитирана главна селска улица во с.Црник | 2021 | 3,000.000.00 |
| | | Изведба со бекатон на улица 2, 3, 4 | Подобрен пристап на жителите на улиците 2,3,4 до домовите и олеснето движење со подобрена сигурност | Изработени 3 улици со бекатон | 2021 | 1,000.000.00 |
| | | Промени на ГУП/ДУП за офаќање на нелегалните објекти | Изменет ГУП/ДУП така што ќе ги опфаќа нелегалните објекти | Изменет ГУП/ДУП и колкав дел од нелегалните неопфатени објекти се опфатени со измените | 2022 | 600,000.00 |
| | | Изработка на ЛПД за с.Црник | | Изработен ЛПД за с.Црник | 2022 | 300,000.00 |
| | | Обезбедување на правна помош за процесот на легализација | Обезбедена правна помош за процесот на реализација | Број на случаи во кои е обезбедена правна помош за процесот на реализација | 2021 | 120,000.00 |
| | | Изградба на резервоар за вода | Подобрувањето на водоснабдувањето со изградба на резервоар за вода | Изграден резервоар за вода | 2022 | 600,000.00 |
| | | Изградба на таложник со песочен филтер | Подобрување на квалитетот на вода со изградба на таложник со песочен филтер | Изграден таложник со песочен филтер | 2022 | 1,800.000.00 |
| | | Воспоставување на регуларна водоводна мрежа во с.Црник ( субвенцирано плаќање на вода ) | Подобрување на водоснабдувањето во с.Црник и воспоставена регуларна водоводна мрежа со субвенционирано плаќање | Воспоставена регуларна водоводна мрежа во с.Црник со субвенцирано плаќање | 2022 | 1,000.000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Доопремување на пречистелна станица за вода | Подобрен квалитет на водата со доопремена пречистителна станица за вода | Доопремена пречистителна станица за вода | 2022 | 6,000.000.00 |
| | | Обезбедување на атмосферска канализација во с.Црник | Подобрена состојба со атмосферска канализација со што е заштитена животната средина и здравјето на жителите на с. Црник | Изградена атмосферска канализација | 2022 | 6,000.000.00 |
| | | Финансиска поддршка за легализација на дивоградбите на ромските семејства | Обезбедена финансиска помош за легализација на дивоградбите на ромските семејства | Обезбедена финансиска помош | 2021 | 1,000.000.00 |

Бр.08-294/2
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за давање на користење движна ствар - товарно возило за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење движна ствар - товарно возило за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/13 Градоначалник на
10.03.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 10.03.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на користење движна ствар**

**товарно возило за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на користење движна ствар, со следните карактеристики:

Товарно возило Марка - IVECO
Година на производство - 2020
Зафатнина на мотор – 2998 $cm^3$
Тип на мотор: F1CFL4117*M501
Комерцијална ознака: (70C 18H WX)
Боја на каросерија - бела / 01
Идентификационен број: ZN3D070D109041984
Сила на мотор 132 KW
Број на мотор 3796231

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на користење без надомест на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 10 (десет) години.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на возилото вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација ќе ги сноси ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 4**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во рок од 5 (пет) дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, товарно возило за собирање на комунален отпад, истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-295/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/14 — Градоначалник на
10.03.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година бр. 01-661/1 од 29.12.2020 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-296/1 — Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

ЈКП Комуналец почетоците на своето самостојно работење ги бележи од 1997 година и е претпријатие основано од страна на општина Пехчево заради вршење на дејности од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Пехчево.

ЈКП Комуналец постојано гради партнерски односи со граѓаните и добавувачите преку меѓусебна доверба, јасна и отворена комуникација. Сите одлуки ги носиме врз база на факти со анали за на релевантни податоци, асопомошна расположливи методи.

Со обука и мотивација на сите вработени, постигнуваме нивното знаење и искуство да придонесат за перманентно подобрување н апроцесите и резултатите од работата.

**Основни дејности на претпријатието се:**

1. Снабдување, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;
   - Снабдувањето со вода за пиење подразбира: зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево, с. Робово, Умлена, Чифлик и Негрево;
3. Одржување на канализационна мрежа во Пехчево, с.Чифлик и с. Робово.с,Умлена ;
4. Одржување на градско зеленилоипаркови;
5. Одржување на градско пазариште;
6. Одржување на уличноосветлување;
7. Собирање и депонирање смет од физички и правни лица во Пехчево, Робово, Умлена, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник;
8. Одржување на јавната чистота;
9. Управување со градските гробишта;
10. Зимско одржување, т.е. чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на општина Пехчево;
11. Одржување на депонијата.

ЈКП Комуналец- Пехчево функционално ги извршува на сите активности во тековното работење на динамички и финансиски план.

Техничките одделенија се носители наглавните активности на претпријатието, кои се наведени погоре.

Работата на овие одделенија е обемна и ги опфаќа сите технички активности на претпријатието. Ги има следниве одделенија:

- Одделение са сметководство и финансова оператива;
- Одделение за општо - правни работи и човечки ресурси;
- Одделение за водоснабдителни објекти;
- Одделение за технички работи и услуги.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето го известува Директорот и одговара за сите актиовности во тековното работење на претпријатието.

Финансиското работење е проследено во одделение за сметководство и финансова оператива. Одделението за сметководство и финансова оператива ги извршува сите активности поврзани со финансиски активности од внес на прочитаните состојбати на водомери, изготвување на фактури за правните лица, директен контакт со корисниците за сите потреби кои претпријатието може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниопт статус и организацијата на претпријатието, како и регулирање на статусот на вработените во претпријатието. И одделението за сметководство и финансова оператива има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението.

Раководителот на оделението одговара директно пред директорот на претпријатието.Финансиското рабитење се темели на :

- зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
- подобрување на наплатата;
- дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;

Основните појдовни елементи врз кои се заснова изготвувањето на програмата за работа и развој на ЈКП Комуналец за 2021 година се:

- дефинирање на планираниот физички обем на услуги;
- целосно искористување на постоечките капацитети;
- подобрување на услугите кон корисниците;
- технолошки развој и дигитализирање на податоци во тек со современите трендови и реалните потреби на претпријатието.

**1. Снабдување со вода за пиење**

Под систем на водоснабдување на населението со (секогаш) хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење – извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.) и дистрибуција на истата до домаќинства и правни лица.

Во наредната 2021планираме приклучување на изградените таложници пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи.

Планирано е изработка на пластични преталожници и таложници ,при што би се намалило количината на примеси од манган и железо во водата и би се поедноставило чистењето т.е одржувањето на истите.

**2. Одржување на водоводна мрежа во општина Пехчево**

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем. Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевководот за транспорт и дистрибуција на сирова и преработена вода, кој се протега од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.

Цевководите се делат на регионални цевководи (главни доводи), примарна (дистрибутивна), секундарна мрежа и терциерна мрежа (куќни приклучоци).

Во согласност со техничките прописи и одржување на цевводите се вградуваат воздушни вентили, испусти, мерни уреди, кој со предвидената динамика ќе се вградуваат и во 2021.

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата).

Со цел остварување на овие принципи треба да се настојува следното :

- -Цевководите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и стамбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на контрола на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционно одржување.

- Редовно читање на состојбите на броилата на водомерите кај корисниците;

-Редовно (2 пати неделно) испитување (Јавна Здравствена Установа) и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и благовремено превземање на неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;

- Брзо и организирано отстранување на настанатите дефекти;

- Секојдневно сопствено испитување на испорачаната вода;
- Годишна севкупна задолжителна анализа (радиолошки и хемиски ) од ЈЗУ Скопје;
- Планско работење и испитување на причините за загубите на вода и нивно намалување а воедно и изнаоѓање на средства за промена на примарната водоводна мрежа на Булевар „Равен“;
- испустање на испусти на секои 14 дена, а по потреба и почесто заради прочистување на водата,
- хиперхлорирање на водата 2 пати годишно,перење на водоводната мрежа, дезинфекција на истата,
- Секојдневно испитување на квалитетот на испорачаната вода во лабораторијата во филтер станицата и набавка на опрема за третирање на сировата вода во филтер станицата;
- Набавен е нов индустриски Пх метар,заменатa е пумпата за хлор,извршена е поправка на електронската табла во Филтер станицата
-Во 2021 година се планира промена на сите главни вентили во мрежата (промена поради дотраеност);

**3. Одржување на канализационата мрежа**

Под одржување на канализационен систем на градот Пехчево, се подразбираат следните активности:

- Следење и одржување на изградениот фекален и атмосферски (во централното градско подрачје) канализационен систем.Во Пехчево постојат два канализациони колектори, лев и десен и се релативно нови, од ПВЦ цевки, како и дел од секундарните краци се ПВЦ.

Во понатамошното работење ќе биде опфатена целосна замена на канализационите цевки со ПВЦ цевки;

Целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација се проверува и санира барем најмалку еднаш во годината, покрај редовни санации и чистења кога се јави потреба.

Имено така оперативната група за чистење на ревизиони и главните шахти ги контролира и исчисти, ако во нив има талог и слично, а потоа со специјалното возило, пумпа за вода, под притисок се испираат канали и цевки. Исто така оперативната група за чистење на улични сливници ги контролира и чисти уличните сливници, и го транспортира материјалот со трактор и го депонира на депонијаодредена за тоа.

Изградена е канализационата мрежа во с.Чифлик, Робово и дел во с.Умлена на која треба да се приклучат корисниците кои не се приклучени а воедно и редовно одржување на истата од наша страна. Во координација со Општина Пехчево ќе се одржуваат и локалните патишта во општината.

При одржувањето на фекалната канализација ЈКП Комуналец се има соочено со голем број неправилности и потешкотии од различна природа како:

- депонирање на различен градежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- неправилно (диво) вклучување на фекалната канализација;
- недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како: пепел, песок, крпи, отпаден материјал од казаници, зимница, камења и сл;
- оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- оштетување на решетки од улични сливници.

*Одведување на отпадни и атмосферски води ги опфаќаат следните активности:*

- фекалниот канализацонен систем со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- промена на дотраени капаци на шахти,и шахти
- Детоксикација и дератизација на канализационата мрежа (шахти на улици);

- Атмосферскиот канализационен систем во централното градско подрачје со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на Пехчево во природните реципиенти и отворени канали;
- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;
- Вршење на интервенции со рачен алат, чекреци, сајли и пумпа под притисок;
- Отварање постапка за набавка на нова пумпа под притисок;
- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- Приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на дел од канализационата мрежа по речното корито во с.Умлена (крак од Станко Манински до Илија Гајдурински);
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на канализацја во с.Робово.

**4. Одржување на паркови и градско зеленило**

Програмата има за цел да ја прикаже состојбата на градското зеленило , видот и обемот на работите, потребен број на работници, вредноста на работите сврзани со одржување на градското зеленило за 2021 година.

Основна задача е одржување на јавните зелени површини со ист интензитет и динамика.

Начинот и интензитетот на одржувањето се менливи елементи кои се во корелација со климатските услови. За`реализација на програмата во предвидениот обем и интензитет, со кои би се гарантирало квалитетно зеленило, постојниот број на работници е недоволен, што се надополнува со вклучување на 2 сезонски ангажирани работници од наша страна.

Во текот на 2014 и 2015 година во централното градско подрачје на новиот плоштад изградени се нови зелени површини од 50м$^2$ кои се вклучени во програмата за редовно одржување за 2021 година. Старите зелени површини кои беа на местото на новиот плоштад зафаќаа површина од 400м$^2$.

Интензитетот на извршувањето на предвидените операции (откос, кроење на дрвца, полевање, чистење и кастрење на гранки покрај локалните и регионалните патишта,засадување на сезонско цвеќе,).Календарот и динамиката на извршување, како и потребниот број на извршители зависи од финансиските средства потребни за реализација на програмата и заедничката соработка со Општина Пехчево.

***<u>Преглед на зеленилото во Пехчево</u>***

Влез на Пехчево со 3 парковски парцели кои зафаќаат површина во м$^2$ , и тоа: - Парк на влез во Пехчево, под патот со површина од 4000 м2,

- Парк на влез во Пехчево над пат, 500 м2,
- Парк кај Г.Вазлиска со површина од 1000 м2,
- Парк на раксница кај продавница на „Равна река“ 1000 м2
- Парк кај „Здравен дом“ 4000 м2 ,
- Останати површини 1500 м2 (како зеленило на острови на булевар, зеленили на раскрсница на ул.,К.Медарски“, Зеленило во централното градско подрачје, површини кај „Градско пазариште, залени површини на место тротоари на разни улици во градот и сл.)

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа програма е ЈКП Комуналец, со претходно склучен договор со Општина Пехчево.

Надзор над извршувањето на програмата, согласно Одлука за комунален ред на Општина Пехчево, врши градски орган за комунални работи.

5. **Стопанисување со градско пазариште**

Градското пазариште во Пехчево располага со следниот простор и опрема:

- површина за пазар 1000 $м^2$;
- површина за паркинг 1.000 $м^2$ ;
- метални тезги со кров бр.23
- метални тезги без кров бр.3
- откриен продажен простор 500 $м^2$ ;
- продажен простор полиња бр 500 м2;

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на општина Пехчево. Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување. „ЈКП Комуналец“ стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.

Пазарите по меѓусебниот однос помеѓу купувачите и продавачите се разликуваат од супермаркетите, кои во почетокот на 21 век му станаа значителна конкуренција на овој традиционален и многу популарен облик на трговија.

За одржувањето на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците, кое нешто е предвидено и со закон.

Освен за тезги и полиња странките наплаќаат и за месечни резервации.

Според законот за безбедност на храната, трговците и производителите се должни да продаваат проверена и контролирана роба, која може да биде контролирана од инспектор за храна. Целта на овој закон е да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

Поставени се нови контењери на градскоит пазар , а исто така е поставен и сад за стакло.

Во 2021 година во соработка со Општина Пехчево е планирано асфалтирање на градското пазариште.

6. **Одржување на уличноосветлување**

Со склучување на договор меѓу Општина Пехчево и ЈКП Комуналец, претпријатието е обврзано за одржување на улична расвета. Во договорот е обврзано општината за набавка на соодветните материјали, а оперативниот дел, т.е вградување и замена е обврска на ЈКП. ЈКП ќе работи согласно програмата на Општина Пехчево.

Украсувањето за Новогодишните празници го врши ЈКП Комуналец, со вработени од општината.

7. **Изнесување и депонирање на смет**

ЈКП Комуналец со оваа програма се стреми за имплементација на законската и подзаконската регулатива од оваа област (пред се законот за управување со отпад, и законот за животна средина ) и подобрување на оперативното работење.

За реализација на оваа програма ќе биде задолжено одделението за таа намена кое има добра соработка со корисниците на услугите, и со вршење на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во 2021 година целосно ќе биде покриена територијата на општина Пехчево. Се планира докомплетирање на селата со контејнери и корекции и тампонирање на некои улици за да има пристап возилото за собирање на смет.

Поставени се 9 нови контењери во централното градсо подрачје за комбиниран отпад ,а исто така се поставени 9 садови за колекција на стакло во соработка со Пакомак . Распоредени на соосдветни локации во Пехчево.

Во 2021 година се планира да се потпише договор со сериозна компанија за собирање на пластика и на соодветни локации да се постават садови за колекција,а исто така сме во преговори да набавиме преса за пресување на пластиката,при што ќе се намали габаритот и ќе се олесни транспортот на истата.

Со средства од ЕУ фондовите целиот Источно-плански регион ќе биде доопремен со дефицитарна опрема, во случајот со ЈКП Комуналец ќе има потреба од уште 1 до 2 возила за смет и садови за смет.Возило за смет марка Ивеко веќе е пристигнато и почетокот на годината ќе го ставиме во вункција.Имаме најава од Министерство за животна средина дека средината на јануари би требало да пристигнат 40 нови контењери, при што би извршиле замена на старите постоечки контењери со нови.Се надеваме кон средината на 2021 да профункционира и регионалната депонија.

## 8. Одржување на јавна чистота

Со програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Пехчево во 2021 година се дефинираат: видот и обемот на работата која треба да се извршат во текот на 2021 година како и динамиката и начинот на извршување на работите. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од: Рачно и машинско метење и миење на улиците во централното градско подрачје како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во законот за јавна чистота, празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во центарот на Пехчево.

Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизација за одржување на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следните клучни фактори:

- начинот на одржување на јавната чистота
- пресметката на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата
- димензиите типот и формата на јавните површини, големина

Сметот се појавува како:

- Секојдневен смет:
  a. отпадоци од возила кои ннастануваат при:превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук, технолошки материјал), собирање на домашен смет, косење на тревни површини;
  b. при интензивни врнежи од дождови: наноси од земја, песок, лисја и др.
  c. загадувања од атмосферата: загадување од чад и прав, индустриски оџаци, гасови од моторни возила;
- Сезонски смет:
  a. лисја од дрва, суви гранки и сл.,
  b. песок, ситен камен, кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани;

Во централното подрачје на Општината одржувачите на хигиена ќе вршат рачно метење и празнење на уличните корпи за отпад, со исклучок во зимските периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мразеви.

Динамиката на извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од укажаните потреби, а врз основа на согледувањата на стручните служби на претпријатието или на барање на општинските органи

Планираме набавка во 2021 година на сет колички со потребен алат (се на едно место) за чистење,осовременување на алатот и олеснување на работата на работниците.

Ставање на нова ограда – заградување на плацот на ЈКП „Комуналец“ – по должината на ул. „Јулија Веселинска„ .

**9. Управување со градски гробишта**

Управител на градските гробишта во Пехчево е ЈКП Комуналец, а законот предвидува во иднина и управување со селските гробишта (муслимански и православни).

Претпријатието ги врши следниве услуги: доделување на гробни места, одржување на гробиштата, издавање на одобренија за погреб, водење дневник и регистар на погребани лица

Гробиштата како добра во општа употреба, уживаат посебна заштита и се користат под услови и начин утврдени со законот за гробишта.

Во 2021 година ќе се заврши

- урбанизирање и оградување на новиот дел од гробиштата и ќе почне парцелизација, т.е. изградба (бетонирање) на гробни парцели и патеки,
- уредување на двата влеза на гробиштата со бекатон плочки;
- оградување на делот на новите гробишта од страната на регионалниот пат Берово – Делчево со жица и бетонски столбчиња и поставување на трет влез од истата страна,
- обележување со тампон на патеки и пат во делот на новите гробишта;
- давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за одредување на проектно место за паркинг плац и изградба на капела на градските гробишта;
- давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за изградба на тенда (настрешница) на предниот влез на градските гробишта.

**10. Зимско одржување**

Општина Пехчево и ЈКП Комуналец веќе имаат склучено договор за претстојната сезона за чистење на снег. Во договорот се предвидени: видот и обемот на работите кои треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците и локалните патишта во општина Пехчево, во зимски услови за претстојната 2020/2021 година.

ЈКП организира редовна приправност со потребна опрема, алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови. Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани. Се врши набавка, обезбедување, чување и складирање, како и растурање на сол, ризла, песок и други материјали. Исто така се врши подготовка на возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:

- со сеалка приклучена на трактор врши посипување на сол и песок за отстранување на голомразица од коловозните површини;
- води целосна документација за зимската служба и изготвува распоред на лица за приправност;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

Други учесници вклучени во реализација на програмата:сообраќајна полиција, ЕВН, претпријатија чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (бензинска пумпа, паркинг и сл) превземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразица од овие објекти и простории пред нив, претпријатија, училишта, корисници на деловни згради простории, граѓаните – станари го чистат снегот и голомразицата од тротоари и приодни места пред своите објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, а исчистениот снег се собира пред стамбените и деловните објекти на начин што ќе се обезбеди непречен сообраќај. Коловозните површини за оспособување на ниво на општина се 31.80 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, со точно дефинирани приоритети при одржувањето , а посебно водејќи сметка за критичните точки во општината.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на снежни врнежи до 10 см. (прва состојба на готовност);
- состојба на снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавува потребата од чистење на јавните површини по барање на органите на општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната маниестација а по претходен договор со него.

Овие работи се извршуваат надвор од активностите планирани со програмата.

Во 2021 година, ЈКП Комуналец ќе се ангажира и во расчистување на отпадот од јавните површини (градежен шут, земја, гранки и др.) што го оставаат неодговорни и несовесни граѓани кои одлагаат ваков вид на отпад на слободните јавни површини низ општината.

За извршувањето на програмски предвидените задачи ќе бидат користени:

еден трактор,машина ЈЦБ ровокопач, моторна пила, хидрантски црева и гарнитура од соодветен алат (лопати, копачи, гребла, макази за кроење, секири, тесли, клешти, метли, рачни колички, вреќи за складирање на смет и др.

Со оваа програма предвидено е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на општина Пехчево, во вкупна должина од 31.80 км, т.е. асфалтирана површина од 21 кми тампонирана површина (бехатон и травертин) 10.80 м$^3$ – плоштад, кеј и тротоари.

Финансирањето на активностите предвидени со оваа програма ќе се вршат со средства предвидени во Буџетот на општина Пехчево.

Цените за чистење на снегот во зимски услови се утврдени во договорот склучен од ЈКП и Општина Пехчево.

Вкупниот број на интервенции за расчистување на снегот и мразот од улиците, патиштата, тротоарите и др. во зимската сезона 2020/2021 ќе зависи од обемот на снежните врнежи, при што бројот на интервенциите ќе биде соодветно утврден и определен.

**Отпочнати активности**

- Преку проектот GIZе во завршна фаза на имплементација на нова сметковоствена програма ,која ќе ни овозможи побрз и попрегледен пристап до сметковдствено –аналитичките податоци,читање на водомери со соодветна програма инсталирана на мобилен апарат,брзо ,ефикасно и современо работење.

ЈКП „Комуналец„ – Пехчево
В.Д. Директор

Борис Поповски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/15
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„-Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година бр. 05-55/1 од 12.01.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-297/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ЈАЛЕЦ"
5-55/1
12.01. 2021 год.
ПЕХЧЕВО

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: | 22.01.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг Един | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 98/1 | | |

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА
# ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – ПЕХЧЕВО

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари....................50 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација..................7 300 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација...................4 300 000
4.Приходи од ѓубре од физички лица..........................................2 000 000
5.Приход од ѓубре правни лица .................................................1 300 000
6.Приход од одржување на гробишта...........................................672 000
7.Приход од користење комунална инфраструктура на гробишта...............20 000
8.Приход од продажба на гробно место........................................300 000
9.Пазаришна такса и резервации..................................................300 000
10.Прих.од граѓани за извршени услуги за водовод и канализација...........70 000
11.Приход од градежни машини....................................................650 000
12.Чистење на тротоари и други јавни површини (јавна чистота) и одржување на паркови и зеленило...........................................................450 000
13.Улично – услуга......................................................................150 000
14.Приходи од наплата на долг по основ на отужување и судење.............700 000
15. Приходи од зимско одржување ...............................................150 000
16, Приход од наплата на адвокатски и нотарски трошоци ......................200 000
17. Приход од канализација с.Робово, с.Умлена и с.Чифлик....................250 000
18. Приход од поврат на средства од извршени здравствени услуги на вработени.............................................................................120 000

**Вкупно планирани приходи = 18 982 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1.Канцелариски матерјали...........................................................60 000
2.Резервни делови и поправка на возила .........................................300 000
3.Трошоци за обештетување по погреб.............................................100 000
4.Резервни делови за водовод и канализација.....................................350 000
5.Набавка на ситен инвентар .........................................................200 000
6.Набавка на хлор........................................................................250 000
7.Алуминиум сулфат......................................................................40 000
8.Вар........................................................................................10 000
9.Кварцен песок...........................................................................50 000

**Вкупно =1 360 000,00**

## Трошоци за енергија

1.Електрична енергија......................................550 000
2.Огревно дрво......................................60 000
3.Нафта и бензин......................................1 000 000
4.Уље и сл......................................100 000

**Вкупно =1 710 000 ,00**

## Други трошоци

1.ПТТ услуги за наплата на сметки на вода од граѓани..........50 000
2.Трошоци за телефон..........180 000
3.Трошоци за интернет услуги..........12 000
4. ХТЗ опрема..........200 000
5.Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец..........50 000
6.Трошоци за испитување и анализа на вода..........130 000
7Трошоци за компјутерско одржување ..........30 000
8.Регистрација на возила..........60 000
9.Трошоци за членови на Надзорен одбор и У.О..........80 000
10.Дневници ..........40 000
11.Репрезентација..........80 000
12.Прехрамбени производи и сретства за хигиена..........30 000
13.Банкарски услуги..........20 000
14.Премии за осигурување на имот..........50 000
15.Камати..........500 000
16.Судски такси..........20 000
17.Бруто плати..........10 000 00
18.Амортизација..........1 350 000
19.Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ..........1 300 000
20.Дреарски и браварски услуги и вулканизер.......... ..........200 000
21.Електротехнички услуги и поправка на електрични апарати..........30 000
22.Трошок за јавна чистота..........230 000
23.Трошоци за Адвокат и Нотар..........200 000
24.Средства за реконструкција на дел од водоводната мрежа..........150 000
25.Трошок за исплата на здравствени услуги на вработени..........120 000
26,Набавка на хидранти и хидрантска опрема ..........200 000
27. Сервисирање и баждарење на водомери..........50 000
28, Сервис на машина JCB ..........200 000
29, Сервис на камион за смет..........200 000
30, Сервис на трактор ..........100 000

**Вкупно =15 862 000,00**

**Вкупно планирани трошоци = 18 932 000.00**

ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ" – Пехчево
ДИРЕКТОР
БОРИС ПОПОВСКИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на годишен план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/16<br>10.03.2021 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година бр. 09 - 56/1 од 12.01.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-298/1<br>10.03.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 09-56/1
12.01.2021 год.
ПЕХЧЕВО

08 99/1

## ЈКП „Комуналец„ – Пехчево

Врз основа на член 75 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019), Директорот н „Комуналец" – Пехчево на ден 12.01.2021 година донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН
## За јавни набавки за 2021 година

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешк и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 1 | Моторни бензини и дизел гориво | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.000.000,00 | Март | |
Заради целосно искористување на финансиски средства/инвестициски грант кои се на располагање (27% од ивестицискиот под-заем, односно 1.592.920,62 МКД) како и заради максимизирање на проектот за изградба на локални улици во с.Црник, општина Пехчево здружува дополнителни финансиски средства за изградба на крак 1 на селска улица Бр. 2 во с.Црник со L= 85,94 m и изградба на селска улица Бр. 3 во с.Црник со L= 297,90 m.

**Член 3**

Финансиското учество на општина Пехчево ќе биде разликата од цената која ќе биде постигната на постапката за јавна набавка за изградба на двете предметни улици во с.Црник и вкупниот доделен инвестициски грант за сиромаштија/социјална вклученост.

Проектантската вредност на предметните улици согласно на предвидените градежни активности од техничката документација изнесува 2.365.554,99 МКД, односно:

- Изградба на крак 1 на селска улица Бр. 2 во с.Црник = 641.610,25 МКД и
- Изградба на селска улица Бр. 3 во с.Црник = 1.723.944,34 МКД

Средствата за финансиско учество на општината ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Пехчево за 2021 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-303/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на Измена и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Измена и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/22 Градоначалник на
10.03.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 198/18), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на измена и дополнување на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на годишниот план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на годишниот план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2021 година бр. 01-62/1 од 19.02.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-304/1 Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ ВАНЧО КИТАНОВ
Бр. 01-62/1
19.02.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 19.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 08 | 203/2 | | |

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01-62 /1<br>19.02.2021 година |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ,,ВАНЧО КИТАНОВ"-ПЕХЧЕВО |
| ЗА ГОДИНА: | 2021 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4041305 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001978101390 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 17.02.2021 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ЕЛЕНА МИХАИЛОВА | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ООУ ВАНЧО КИТАНОВ ПЕХЧЕВО

1

# ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | Моментално вработени во институцијата<br>(на датумот на пополнување на годишниот план) | 15 | 12 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| **б** | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година<br>(заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **в** | Планирани нови вработувања во тековната година<br>(заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **г** | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година<br>(г = а - б + в)** | 15 | 12 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

<table>
<tr><td colspan="4">Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година?<br>(заокружете)</td><td>ДА</td><td><u>НЕ</u></td></tr>
<tr><td colspan="5">Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата:<br>(наведете број)</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување:<br>(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)</td></tr>
<tr><td>р. бр</td><td>на работно место (шифра и назив)</td><td>во орг. един.</td><td>во рамки на орг. един.</td><td>во рамки на орг. един.</td><td>кратко образложение</td></tr>
<tr><td>1</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>4</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>5</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>7</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>8</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>9</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>10</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

***Табела 3.*** Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година?<br>*(заокружете)* | ДА | **<u>НЕ</u>** |
|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции:<br>*(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | |

| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 4.*** Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | **ДА** | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | | | | | | 1 |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
| 1 | Хигиеничар ОБН 04 01 А01 002 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | Одржување на објектите и опремата | | ДА по барање на работникот (со писмена изјава 05.09.2019) | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | **Планирани пензионирања во следната година** **(заклучно со 31 декември следната година)** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | **ДА** | НЕ |
|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | 3 |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)* | | |

| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. единица | во рамки на орг. единица | во рамки на орг. единица | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица | причина 2: пензионирање или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Хигиеничар ОБН 04 01 А01 002 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | Одржување на објектите и опремата | | ДА пензионирање | | 12 (дванаесет) | 174.000,00 нето плата |
| 2 | Хигиеничар ОБН 04 01 А01 002 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | Одржување на објектите и опремата | | | ДА по барање на работникот (со писмена изјава) | 12 (дванаесет) | 174.000,00 нето плата |
| 3 | Ложач-ракувач на парни котли ОБН 04 01 А01 003 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | Одржување на објектите и опремата | | | ново вработување | 12 (дванаесет) | 193.860,00 нето плата |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | Опис | ВКУПНО |
|---|---|---|
| а | **Планирани нови вработувања во следната година** **(заклучно со 31 декември следната година)** | 3 |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната годината) | **15** | **12** | **0** | **1** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** |
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а) | **3** | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата**
**http://balancer.mioa.gov.mk/,**
**внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/23 — Градоначалник на
10.03.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен Весник на РМ" бр.6/12, 166/2014) и член 44 од Статутот на општина Пехчево (Службен Гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), а согласно Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) и Акцискиот план на општина Пехчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.08-1288/1 од 27.09.2019 година, (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) Советот на општина Пехчево на 35-та седница, одржана на ден 10.03.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2021 година

### I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, општина Пехчево има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Пехчево. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Пехчево како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи а особено жртвите на семејно насилство и самохраните мајки, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2021 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.).
- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

**1. Човекови права и родова еднаквост;**

**2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;**

**3. Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените;**

**4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во општина Пехчево;**

| Проблеми/ризици | Облици на делување | Програма/ проект | Времетраење Денови/месеци | Буџет на проектот-денари/за една година | Одговорни за имплементација/ Партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоволна запознаеност на советниците за еднаквите можности и родовата рамноправност кои произлегуваат од Законот за еднакви можности, Законот за заштита и спречување на дискриминација, Законот за работни односи, како и меѓународни документи кои се ратификувани од РСМ | Обука за советниците од Советот на општина Пехчево за еднакви можности и родова рамноправност | Програма за јакнење на капацитетите на локално ниво на жените во општина Пехчево | Септември – декември 2021 | Буџетот ќе зависи од видот на обуката и нема да биде на товар на Општината | Координатор за еднакви можности, Заменик, членови на комисијата за еднакви можности | Меѓународни и домашни програми и организации кои работат на родова рамноправ-ност | Зголемен степен на знаење на советниците за родовата рамноправност |
| Зголемен број на случаи на насилство (булинг) меѓу учениците во основните училишта | Едукативни предавања | „Биди другар, а не насилник-почитувај ги вредностите на | Септември – | Не се потребни | Општина Пехчево | Не се потребни | Број на ученици кои имаат посетено обука |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | другите“ | октомври 2021 | финансиски средства | НВО Пехчево за обезбедување на печатени материјали (прирачници) | извори на финансира-ње | за булинг |
| Функционирање на Локално координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Пехчево | Редовно одржување на состаноци на ЛКТЗД за планирање и реализирање на активности на телото и разгледување на претставки од граѓани за случаи на дискриминација | „Пехчево-Општина без дискриминација “ | Јануари – декември 2021 год. | Не се потребни финансиски средства | Членови на ЛКТЗД | Буџет на Општина Пехчево | Записници од одржани состаноци на ЛКТЗД Број на поднесени претставки до ЛКТЗД |
| Непостоење на локален план за заштита од дискриминација за 2021 | Работни состаноци за изготвување на Акциски план за заштита од дискриминација на Локално координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Пехчево | Изготвување на Акциски план за заштита од дискриминација за 2021 година | Јануари-мај 2021 | 20 000 денари | Членови на Локално координативно тело за заштита од дискриминација | Буџет на Општина Пехчево | Изготвен Акциски план за заштита од дискриминација на Општина Пехчево за 2021 и процент на реализирани активности од акцискиот план |
| Недоволна | Анкета за | „Подигање на | Октомври - | Изготвување | Координатор за | Буџет на | Број на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| запознаеност<br><br>на младите од училиштето во општината<br><br>со опасностите од сексуално преносливите<br><br>болести | познавањата на<br><br>младите за СПБ, предавања за СПБ во<br><br>училиштето, повторно анкетрање | свеста на<br><br>учениците<br><br>за опасностите од СПБ<br><br>во насока на превенција на истите“ | декември 2021 | на анкетни<br><br>листови,<br><br>анкетирање и<br><br>анализа на<br><br>резултати –<br><br>Предавања во<br><br>улчилиштето од<br>доктори од Здравен Дом Пехчево<br><br>Вкупно 20.000 | еднакви можности,<br><br>Заменик<br><br>координатор за еднакви можности Доктори од Здравен Дом Пехчево | Општина<br><br>Пехчево | ученици<br><br>кои се<br><br>анкетирани и<br><br>запознати со ризиците од СПБ<br><br>и превенцијата од нив |
| Недоволна<br><br>координација на<br><br>општинските служби за<br><br>родова еднаквост, | Состаноци на интерсекторска група<br><br>на Општина Пехчево за<br><br>родова еднаквост | Разгледување<br><br>на Годишен<br><br>буџет на Општина Пехчево,<br><br>Годишни програми и извештаи на | Јануари-декември 2021 | Не се потребни<br><br>финансиски<br><br>средства | Координатор за еднакви можности<br>и членови за еднакви можности | Не се<br><br>потребни<br><br>финансиски<br><br>средства | Број на одржани<br><br>состаноци, Број<br><br>на разгледани<br><br>програми и планови, број на интервенции и сугестии во |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сектори и одделенија на Општина Пехчево како и на институции под надлежност на општината | | | | | планови и програми |
| Непостоење на родово разделени стстистички податоци од општински сектори, одделенија и од институции во надлежност на општината | Прибирање и поделба на податоци според пол и нивно тековно ажурирање во надлежност на општинската администрација | Родова стстистика услов за родово одговорна општина | Јануари-декември 2021 | Не се потребни финснсиски средства | Општинска администрација | Не се потребни финансиски средства | Воспоставен систем за прибирање на родово разделени податоци |
| Немање на доволно податоци за потребите и интересите на жените во областа на комуналната, урбанистичката инфраструктура и животната средина | Истражување за потребите и интересите на жените од областа на комуналната, урбанистичката инфраструктура и животната средина | „Општината за жените “ | Јануари-септември 2021 | 20.000 денари | Ангажирање на лица за изготвување и спроведување на анкета и анализа на добиените резултати. | Буџет на Општина Пехчево | Изготвена анкета, број на анкетнирани лица, Изготвени табели со приоритети и предлози |
| Недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили | Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за | „Каде се гледам по основното образование“ | Мај 2021 | Не се потребни финнансиски средства | Ангажирање на професори од средните училишта за промовирање на различните | Не се потребни финансиски средства | Зголемен процент на запишани ученици од помалку |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили | | | | профили | | застапениот пол во одредена струка |
| Преголема иложеност на стрес во време на Корона кај самохраните мајки | Организирање на вежби за ослободување од стрес во природа | „Ослободи се од стресот,, | Март-септември 2021 | 20.000 денари | Координатор за еднакви можности, Заменик координатор, Ченови за еднакави можности, Меѓуопштински центар за социјална работа | Буџет на општина Пехчево | Број на организирани спотски активности и број на присутни |
| Недостиг на знаења на самохраните родители на малолетни деца за користење и работа со алатките за електронско следење на настава | помагање на самохрани родители за користење на алатки за он- лајн настава за следење и помош на своите деца | „ Запознај ги ИТ алатките за он-лајн предавања,, | Од септември 2021 до јуни 2022 | Не се потребни финнансиски средства | Координатор за еднакви можности, Заменик координатор за еднакви можности, | Буџет на Општина Пехчево | Број на обучени |
| Недостиг на знаења од областа на дискриминацијата | Кампања за Превенција од дискриминација | Превенција од дискриминациј а | Март-декември | 20 000 денари<br><br>В**КУПНО**: 100.000 денари | Членови на Локално координативно тело за заштита од дискриминација | Буџет на Општина Пехчево | Изработен промотивен материјал |

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од  Буџетот на Општина Пехчево.

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Пехчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку одделение за правни, општи работи и јавни дејности при Општина Пехчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево“.

Бр.08-305/1<br>10.03.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/24 Градоначалник на
10.03.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 05/2002), член 25 став 1 од Законот за полиција (Сл.весник на РМ бр.114/2006……...64/2018) и член 30 став 1 точка 34 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево, за 2020 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево, за 2020 година бр. 22.28.10-40/21 од 19.02.2021 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-306/1 Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ШТИП
**Одделение за внатрешни работи - Берово**
Полициска канцеларија - Пехчево

Ев.бр22.28.10-40/21

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА ПЕХЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

**Берово**
**2021 година**

ПК Пехчево, кое работеше во состав на ПС од ОН Берово, во текот на изминатата 2020 година, со своето максимално ангажирање како и професионалиот пристап кон секој безбедносен настан, во рамките на постоечките законски и подзаконски акти од своја надлежност, успешно ја оствари својата безбедносна функција и одржа поволна севкупна безбедносна состојба на подрачјето што го покрива ПК Пехчево.

Во текот 2020 година регистрирани беа вкупно 30 (23) кривични дела, при што обемот на криминалитетот во споредба со истиот период од претходната година бележи тренд на зголемување за 30%.Ваквото зголемување на кривичните дела од 30%, се должи на големиот број 7 поднесени кривични пријави во врска со пандемијата од Ковид 19 за сторено кривичното дело по чл. 206 од КЗ. „Непостапувањето според здравствените прописи"

За одржување на мирна и стабилна безбедносна состојба на нашето подрачје активностите на полициските службеници воглавно беа носочени кон секојдневно следење на состојбата од тековно пријавените настани, во одржување на редот при одржување на јавни собири, во обезбедување на спортски натпревари, на културни манифестации, како и на значајни државни и верски празници.

Полицијата активно учествозеде и во справување со појавата на Пандемијата предизвикана од Корона вириусот при што секојдневно се превземаа мерки по однос на вршење на контрола на лицата кои со Решенија за изолација се во домашен карантин, во однос на почитувањето на законските одредби од ЗЗНЗБ, донесените мерки и одлуки на Владата на РСМ а во врска со превенција и заштита од ширење на заразната болест Ковид 19 .

Покрај тоа полицијата превземаше мерки за непречено и безбедно одвивање на извирачкиот процес при одржувањето на предверемните Парламентарни избори кои се оджаа во месец Јули 2020 година и при спроведувањето на истите на подречјето кое го покрива ОВР-Берово предизборниот процес како и на денот на гасањето не се регистрирани инциденти , кривични дела поврзани со изборите ниту нарушувања на ЈРМ што е резултат на професионалниот пристап и ангажман на полицијата

Во областа на јавниот ред и мир во текот на 2020 година евидентено е зголемување на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните и тоа за 50% (36:24), додека бројот на откриени прекршоци е зголемен за 50% (36:24), но и бројот на сторителите на прекршоците е зголемен и тоа за 50% (36:24).

Во областа на сообраќајот бројот на сообраќајни незгоди изминатата 2020 година е намален за 16% (10:12), при што бројот на сообраќајните незгоди со потешки последици е зголемен за 33%(4:3), но сообраќајните незгоди со мала материјална штета бележат намалување за 33% (6:9). Бројот на повредените лица во 2020 година во однос на предходната година е намален за 20% (4:5), а за одбележување е тоа што во 2020 година нема загинати лица исто како и претходната 2019 година.

Полицијата во целост ги исполни своите задачи и на планот на соработката со другите институции на државата преку барања за проверки, давање помош по барања (асистенции), како и проверки по пријави од граѓани за разни корумпирани однесувања или злоупотреби на службената положба.

Во областа на **класичниот криминалитет** евидентирани се вкупно 13 (15) кривични дела, за кои против 11 (11) лица поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела до надлежни Јавни Обвинителства и поднесени се 13 (16) Кривични Пријави.

1

Од вкупно регистрираните кривични дела во оваа област 11 биле извршени од познат сторител, а 2 биле извршени од страна на непознат сторител.

Во делот на класичниот криминалитет во текот на 2020 година најзастапени се кривичните дела против животот и телото со евидентирани 4 кривични дела од кои 2 кривични дела биле „Телесна повреда" сторени во семејно насилство и 2 „Загрозување со опсно орудие при тепачка или караница"

Веднаш потоа следуваат кривичните дела против имотот – имотни деликти со евидентирани 2 кривични дела и 2-те кривични дела биле класифицирани како „Кражби".

Покрај овие во делот на класичниот криминалитет евидентирани се и по 1 кривично дело „Насилство" 1 „Тешки дела против општата сигурност на луѓето", 1 кривично дело „Мачење на животни "1 кривично дело „Одзимање на дете" 1 к.д. „Напад на службено лице при вршење работи на безбедноста" и 1 кривично дело за сторен сообраќаен деликт „Загрозување на безбедноста во сообраќајот" за кои поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела, против 11 лица поднесени се 13 кривични пријави.

Во насока на сакнционирање на **семејното насилство** во текот на 2020 год сторени се 2 кривични дела кои содржат елементи на семејно насилство за разлика од минатата година кога не се евидентирани кривични дела сторени во семејно насилсто, извршени од страна на за кои проти 2 лица до надлежно ОЈО поднсени се 2 кривични пријави. Како жртви на семејно насилство во сторени кривични дела во едниот случај е **сопруга** што од страна на сопругот кој предходно се довел под дејство на алкохол била физички нападната -удирана по телото , додека во другиот случај жртва на семејното насилство е **свекрва** која била физички нападната -ударена со шлаканица од страна на сопругата на нејзиниот син – снаата .

Во оваа област регистрирани се и 1 кривично дело од областа на безбедноста на јавниот сообраќај, каде против 1 сторител поднесена е1 кривична пријава

Во 2020 година, полицијата се ангажираше и во реализација на кривичните дела кои според Кривичниот Законик преставуваат кривични дела за кои гонењето се презема по приватна тужба при што во извештајниот период пријавени се 3 кривични дела од кои 2 со познат сторител и 1 со непознат сторител на оштетените им е укажано дека согласно Законот, гонењето за истите се презема по приватна тужба.

Во делот на **недозволената трговија со оружје и дрога,** не се откриени кривични дела ниту во делот на НТ со дрога ниту во делот на НТ со оружје за разлика од мината 2019 г. Кога беа регисреирани 3 к.д од областа на НТ со дрога и против 2-ца сторители беа поднесени 2 кривични пријави.

Во текот на 2020 година регистрирани се 5 прекршоци по член 20 од ЗППЈРМ, „Уживање наркотични дроги и психотропни супстанции" за кој против 5 лица до надлежен суд поднесени се 5 Барања за поведување прекршочна постапка.
Покрај тоа во текот на 2020 година евидентиран е и 1 прекршок по Законот за оружје за кој против 1 лице до надлежен суд поднесено е 1 Барање за поведување на прекршочна постапка

Во делот на **организираниот криминалитет** во 2020 година на

кривични дела се „Фалсификување пари" каде од стрна на 2-ца сторители кои се обиделе да пуштат во оптег фалисикувани банкноти кои се одземени од истите по што против сторителите се поднесени кривични пријави ,а во минатата 2019 година не е евидентирано кривично дело од оваа област.

Во делот на **економскиот криминалитет во 2020 година** на подрачјето на ПК-Пехево евидентирани се 16 кривични дела и тоа 7 кривични дела поврзани со паандемијата од Ковид 19 и тоа „Непостапување според задравствени прописи" 2 „Злоупотреба на службената положба и овластување " и 2 „Повреда на правата од работен однос" 1 „Незаконит лов" по 1 кривично дело „Бесправна градба" „Непревземање мерки за заштита при работа" „Превоз без лиценца" и 1 „Злоупотреба при склучување договор меѓу заинтересирани страни" за кои против 15 сторители до надлежни обвинтелства поднесени се 12 кривични пријави.

Во текот на 2020 година, поради состојбата со Корона вирусот и потребата од приложување на негативен тест за корана вирус при влезот во државата на граничните премини престојот на стански државјани на подрачјето е сведено на минимум .

Во делот на патувањето на наши граѓани во странство во текот на 2020 година, издадени се вкупно 402 патни исправи, од кои 94 за прв пат, извршена е замена на 306 патни исправи, додека на 2 лица издадени им се дупликат пасоши.

Во областа на **јавниот ред и мир,** активностите на полицијата воглавном беа насочени преку редовното работење и спроведување на разни акциски контроли да се обезбеди мирен и спокоен живот на граѓаните, како и обезбедување на услови за непречено остварување на нивните права и слободи и заштита на нивниот физички и личен интерес. Така во период од 2020 година, јавниот ред и мир бил нарушен во 47 случаи, во кои се сторени вкупно 47 прекршоци од страна на 54 нарушител.

Во областа на јавниот ред и мир, евидентено е зголемување на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните и тоа за 96% (47:24), додека бројот на откриени прекршоци е зголемен за 96% (47:24), но и бројот на сторителите на прекршоците е зголемен и тоа за 42% (54:38).

Јавниот ред и мир најчесто бил нарушен со:

-учество, предизвикување или поттикнување на тепачка – 23
- Физички напад на лице– 10
- уживање наркотични дроги – /
- невнимателно држење на куче – 1
-карање викање и непристојно однесување-4
-вознемирување соседи-4

За воспоставување на јавен ред и мир во 2 случаи, над 2 лица полицијата употребила средство за присилба и тоа во двата случаи биле користени лисици за врзување и истите завршиле без последици по лицето врз кое е употребено средството за присилба. Од страна на старешинскиот кадар 2 случаи за употребата на средствата за присилба се отценети како оправдани.

Во рамките на превентивното делување и примена на овластувањата по пријавените поплаки од граѓани, полицијата постапувала, при што писмено или усно се предупредени лицата против кои биле поднесени поплаките.

3

Дел од пријавените поплаки биле со елементи на семејно насилство каде сопругата, децата, родителот или други членови од семејната заедница биле психички или физички малтретирани, при што полицијата писмено или усно ги предупредиле лицата против кои биле поднесени поплаките.

Работено е и на имплементација на Законот за јавна чистота, Законот за лична карта, Законот за оружје, Законот за царина, Законот за пушење и други закони по кои полицијата има надлежност да постапува, при што за откриените прекршоци од страна на полициски службеници е постапено и реализирано до надлежната институција.

Во областа на **безбедноста на сообраќајот** активностите на полицијата воглавном беа насочени кон обезбедување на што подобри услови за нормално и непречено одвивање на сообраќајот, како и превземање на соодветни мерки за елиминирање на основните причини кои директно или индиректно влијаат врз безбедноста на сообраќајот .

Во текот на 2020 година, на подрачјето на општина Пехчево се случиле вкупно 10 (12) сообраќајни незгоди, од кои 4(5) биле со потешки последици и 6 (7) со мала материјална штета. Бројот на повредените лица во однос на истиот период од предходната година е намален за 20% (4:5), а за одбележување е фактот што оваа година немаме регистрирано загинато лице.

Од регистрираните повредени лица учесници во сообраќајните незгоди во својство на возачи биле 2 лице и 2 сопатник. Од сообраќајните незгоди со потешки последици 2 се случиле на отворен пат а 2 во населено место а според времето на догодување 2 се случиле во текот на денот а 2 биле догодени во вечерните и ноќните часови . Како причина за догодување на сообраќајните незгоди била брзината3 и престигнување1.

Во рамките на превентивно - репресивните активности перманентно се вршат контриоли на сите патни правци и улиците во населените места, во поглед на откривање и отстранување на недостатоци и пречките за нормално одвивање на сообраќајот. Од оваа област континуирано се вршени и известувања на надлежните органи и организации за превземање на конкретни активности и мерки од нивна надлежност.

Со цел откривање и попречување на потешките видови прекршоци и зголемување на сообраќајната култура како и елиминирање на причините кои влијаат врз безбедноста на сообраќајот, во изминатиот период од годината од стрна на полициски службеници беа планирани и спроведени селективни 70 акциски контроли.

Заради намалување и елиминирање на општествено - негативните појави меѓу помладата популација, ПС од ОН Берово преку своите служби за превенција, превземаше активности и дејствија на планот на **превентивно делување.**

Активностите се реализираа од страна на инспекторот по превенција при ПС од ОН Берово, а во соработка со стручните служби од училиштата на подрачјето на општината и другите надлежни институции, при што беа реализирани некои проектни активности за превенирање и едукација на малолетната популација и граѓаните за настани и проблеми кои што се актуелни на територијата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и нашата општина, а ја загрозуваат безбедноста и сигурноста на граѓаните и квалитетот на живеење во заедницата, па поради тоа и беа опфатени различни целни групи со следните проекти и проектни активности :

- „Превентивно делување за заштита од пожари на отворен простор", Реализрана

цел превенција на шумите од пожари на отворен простор реализирани се 2 активности

- Реализирани се и 2 мешани патроли при што е извршена патрола на терен на подрачјето на двете оштини Берово и Пехчево , делени се едукативни флаери и плакати со цел за заштита на шумите од пожари.
- Присуствувано е на состанок организиран од страна на Дирекција за заштита и спаување на тема „Заштита од шумски пожари и други пожари на отворени простори
  - Активности согласно акциониот план по кој МВР има обврска да ја информира Владата на Република Македонија:

- „Како сте" На подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 25 активности, по кој прокет вршени се посети на стари и изнемоштени лица, при посетите на лицата им се давани совети за превенција од кражби, провални кражби, измами и сите се информирани дека доколку имат потреба за било кој проблем од областа на безбедност или друг проблем можат да пријават на бесплатниот телефонски број 192;
- „На кафе кај соседите", На подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 25 активности, разговарано е со лица на безбедносните терени за безбедносната состоба во нивната урбана или месна заедница.
- „Бизнисот и безбедност", На подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 7 активности, при што одржани се средби со поголем број на сопствениците на угостителски објекти, поедини сопственици на трговски дуќани, сопственици и возачи во такси компани, сопственици на тезги во гратските пазари. Тема на средбите и состаноците се превенција за заштита од кражби, измами, провални кражби, уцени и измами;
- „За спортот заедно" На подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 3 активности, одржани се состаноци со навивачи, раководства на спортските клубови на подрачјето и тоа „ОФК Малеш„ од Берово и „ФК Кит-Го„ од Пехчево и комсарите за безбедност на клубовите од фудбалската лига Исток. За време на состаноците се разработени одредбите од Законтот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и ЗИД на законот за спорт .
- „Полицијата и граѓаните заедно" по проектна активност „Застани и разговарај" , на подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 28 активности. „
- „Полицијата и граѓаните заедно" по проектна активност „Сообраќајни поуки за возачи на моторни возила и пешаци ", на подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 4 активности.
- „Полицијата и граѓаните заедно" по проектна активност „Координација со Македонија пат" на подрачјето на ОВР-Берово реализирани се вкупно 2 активности.
- „Полицијата и граѓаните заедно" по проектна активност„Посета на дом за деца без родители и родителска грижа" на подрачјето на ОВР-Берово реализирана е 1 активност.
- „Полицијата и граѓаните заедно" реализирано е 1 едукативно предавање во ОСУ „Ацо Русовски" во Берово во врска со Законот за спречување на насилство на спортски натпревари
- „Полицијата и граѓаните заедно" реализирана е 1 сообраќајно воспитна активност „Вози безбедно "
- „Полицијата и граѓаните заедно" реализирана е 1 воспитно-сообраќајна активност во врска со европката недела на мобилност на жртви од догодени сообаќајни незгоди

5

- „Полицијата и граѓаните заедно" реализирана е 1 воспитно-сообраќајна активност велосипедисти

Во текот на 2020 година одржани се вкупно 5 **сообраќајни поуки** со возачи и пешаци сторители на сообраќајни прекршоци.

**Советодавна групи на граѓани**

- Во текот на извештајниот период имено на ден 25.02.2020 одржан е 1 состанок на советодавната група на граѓани на општина Берово на кој се разработени Законските одредби од „Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари"додека СГГ - Пехчево нема одржано работни состаноци.

**Локален совет за превенција**

- Во текот на извештајниот период не се одржани состаноци на Локалниот совет за превенција на подрачјето на ПС ОН-Берово, додека во ПК-Пехчево истиот не функционира.

- **Други превентивни активности**
- Во текот на годината изготвено е соопштение до јавните медиуми на подрачјето на ОВР-Берово, за обврската кои ја имаат возачите во зимски услови и носењето на пропишаната зимска опрема.

Како резултат на севкупно преземените активности и постигнатите резултати во извршувањето на задачите и разрешување на безбедносните појави и настани, ПС од ОН Берово и ПК Пехчево, во текот на 2020 година, успеа да обезбеди стабилен јавен ред и мир и ефикасна заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните, со што во целост ја изврши својата безбедносна функција.

Изготвил:
Јанковска Данче
Поповски Виктор

**Началник на ОВР- Берово**
**Младеновски Манче**

6

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на завршна сметка на**
**ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/25 Градоначалник на
10.03.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на**
**ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево ја усвојува завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2020 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2020 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-307/1 Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

ЕМБС: 04041305
Целосно име: Општинско основно училиште ВАНЧО КИТАНОВ Пехчево
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Сметка на органи на управа, други органи и единици на локална самоуправа - 903
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 28.100.203,00 | | | 29.038.876,00 |
| 2 | - - а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (003+004+005+006) | 23.057.692,00 | | | 26.311.835,00 |
| 3 | - - Плати и надоместоци | 16.679.814,00 | | | 18.916.491,00 |
| 4 | - - Придонеси за социјално осигурување | 6.313.988,00 | | | 7.341.908,00 |
| 6 | - - Надоместоци | 63.890,00 | | | 53.436,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 4.942.461,00 | | | 2.618.799,00 |
| 13 | - - Патни и дневни расходи | 15.320,00 | | | 800,00 |
| 14 | - - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.871.642,00 | | | 1.547.334,00 |
| 15 | - - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 530.489,00 | | | 280.736,00 |
| 16 | - - Поправка и тековно одржување | 1.077.396,00 | | | 235.116,00 |
| 17 | - - Договорни услуги | 1.314.068,00 | | | 353.109,00 |
| 18 | - - Други тековни расходи | 133.546,00 | | | 201.704,00 |
| 29 | - - ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА ( од 30 до 32) | | | | 170,00 |
| 32 | - - Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | 170,00 |
| 33 | - - е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 100.050,00 | | | 108.072,00 |
| 37 | - - Разни трансфери | 100.050,00 | | | 108.072,00 |
| 44 | - - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ( од 045-054) | 1.982.084,00 | | | 5.885.926,00 |
| 45 | - - Купување на опрема и машини | 187.510,00 | | | 2.146.192,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 46 | - - Градежни објекти | 1.501.084,00 | | | 3.739.734,00 |
| 47 | - - Други градежни објекти | 200.000,00 | | | |
| 48 | - - Купување на мебел | 93.490,00 | | | |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 88 | - - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092) | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 89 | - - Трансфери од други нивоа на власт | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 103 | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 105 | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 106 | - - Г) ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ: Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број) | 64,00 | | | 63,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 111 | - - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 50.602.746,00 | 77.008.679,00 | 20.831.393,00 | 56.177.286,00 |
| 113 | - - II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА | 71.137,00 | 71.137,00 | | 71.137,00 |
| 114 | - - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 50.531.609,00 | 76.937.542,00 | 20.831.393,00 | 56.106.149,00 |
| 115 | - - Градежни објекти | 46.833.418,00 | 68.821.152,00 | 16.537.524,00 | 52.283.628,00 |
| 117 | - - Опрема | 3.483.129,00 | 7.901.328,00 | 4.293.869,00 | 3.607.459,00 |
| 120 | - - Други материјални средства | 215.062,00 | 215.062,00 | | 215.062,00 |
| 124 | - - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 2.187.982,00 | 2.212.978,00 | | 2.212.978,00 |
| 145 | - - IX. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 122.896,00 | 39.411,00 | | 39.411,00 |
| 146 | - - Други активни временски разграничувања | 2.065.086,00 | 2.173.567,00 | | 2.173.567,00 |
| 147 | - - В) МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (148 до 153) | 52.858,00 | 299.386,00 | 241.028,00 | 58.358,00 |
| 150 | - - Ситен инвентар | 52.858,00 | 299.386,00 | 241.028,00 | 58.358,00 |
| 159 | - - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 52.843.586,00 | 79.521.043,00 | 21.072.421,00 | 58.448.622,00 |
| 161 | - - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 50.655.604,00 | | | 56.235.644,00 |
| 162 | - - Државен -јавен капитал | 50.631.272,00 | | | 56.211.312,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 163 | - - Останат капитал(залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност | 24.332,00 | | | 24.332,00 |
| 173 | - - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 2.187.982,00 | | | 2.212.978,00 |
| 175 | - - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179) | | | | 39.411,00 |
| 176 | - - Обврски спрема добавувачи во земјата | | | | 39.411,00 |
| 189 | - - д) Обврски спрема државата и други институциизз (190 до 194) | | | | 717.470,00 |
| 194 | - - Обврски за други даноци и придонеси | | | | 717.470,00 |
| 197 | - - ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.065.086,00 | | | 1.456.097,00 |
| 198 | - - з) Пасивни временски разграничувања | 122.896,00 | | | |
| 200 | - - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 52.843.586,00 | | | 58.448.622,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 660 | - - Обврски за нето плати (< или = на АОП 197од БС) | 1.394.537,00 | | | 1.456.097,00 |
| 662 | - - Даноци од плати и надомести (< или = на АОП 197од БС) | 102.646,00 | | | 108.869,00 |
| 663 | - - Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС) | 567.903,00 | | | 608.601,00 |
| 664 | - - Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР) | 254.437,00 | | | 113.485,00 |
| 665 | - - Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР) | 78.441,00 | | | 57.926,00 |
| 666 | - - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР) | 585.897,00 | | | 64.851,00 |
| 667 | - - Горива и масла (< или = на АОП 014 од БПР) | 24.501,00 | | | 1.212.810,00 |
| 668 | - - Униформи (< или = на АОП 015 од БПР) | 3.750,00 | | | |
| 670 | - - Прехрамбени продукти и пијалаци (< или = на АОП 015 од БПР) | 95.588,00 | | | 28.196,00 |
| 673 | - - Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = на АОП 017 од БПР) | 35.103,00 | | | 34.600,00 |
| 674 | - - Осигурување на недвижности и права (< или = на АОП 017 од БПР) | 9.783,00 | | | 10.960,00 |
| 675 | - - Плаќања за здравствени организации од Министерството за здравство (< или = на | 44.886,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | АОП 017 од БПР) | | | | |
| 677 | - - Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР) | 133.546,00 | | | |
| 679 | - - Трансфери при пензионирање (< или = на АОП 037 од БПР) | 100.050,00 | | | 108.072,00 |
| 685 | - - Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР) | 3.082.287,00 | | | |
| 686 | - - Трансфери од буџетите на фондовите (< или = на АОП 088 од БПР) | 30.082.287,00 | | | 34.924.802,00 |
| 688 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 64,00 | | | 63,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2556 | - 85.20 - Основно образование | | | | 34.924.802,00 |

**Потпишано од:**
Ognan Miovski
CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 04041305
Целосно име: Општинско основно училиште ВАНЧО КИТАНОВ Пехчево
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности - 787
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 75.002,00 | | | 48.581,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 75.002,00 | | | 48.423,00 |
| 14 | - - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 100,00 | | | 6.827,00 |
| 15 | - - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 64.311,00 | | | 36.810,00 |
| 17 | - - Договорни услуги | 10.591,00 | | | 4.786,00 |
| 29 | - - ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА ( од 30 до 32) | | | | 158,00 |
| 32 | - - Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | 158,00 |
| 44 | - - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ( од 045-054) | 16.622,00 | | | |
| 45 | - - Купување на опрема и машини | 16.622,00 | | | |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 91.624,00 | | | 48.581,00 |
| 60 | - - Б) ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (103-059) | 7.005,00 | | | 17.286,00 |
| 62 | - - Г) НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ (060-061) | 7.005,00 | | | 17.286,00 |
| 63 | - - Д) РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ- ДОБИВКАТА (064 до 066) | 7.005,00 | | | 17.286,00 |
| 66 | - - За пренос во наредна година | 7.005,00 | | | 17.286,00 |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 98.629,00 | | | 65.867,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **77** | - - II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ (078 ДО 082) | 72.830,00 | | | 65.867,00 |
| **80** | - - Такси и надоместоци | 72.830,00 | | | |
| **82** | - - Други неданочни приходи | | | | 65.867,00 |
| **88** | - - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092) | 25.799,00 | | | |
| **89** | - - Трансфери од други нивоа на власт | 25.799,00 | | | |
| **103** | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 98.629,00 | | | 65.867,00 |
| **105** | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 98.629,00 | | | 65.867,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **111** | - - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 225.338,00 | 303.421,00 | 238.364,00 | 65.057,00 |
| **114** | - - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 225.338,00 | 303.421,00 | 238.364,00 | 65.057,00 |
| **117** | - - Опрема | 184.686,00 | 285.331,00 | 238.364,00 | 46.967,00 |
| **120** | - - Други материјални средства | 40.652,00 | 18.090,00 | | 18.090,00 |
| **124** | - - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 17.639,00 | 17.286,00 | | 17.286,00 |
| **125** | - - I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133) | 17.639,00 | 17.286,00 | | 17.286,00 |
| **126** | - - Сметка | 7.640,00 | 3.553,00 | | 3.553,00 |
| **127** | - - Благајна | 9.999,00 | 13.733,00 | | 13.733,00 |
| **147** | - - В) МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (148 до 153) | 100.364,00 | 167.116,00 | 33.542,00 | 133.574,00 |
| **150** | - - Ситен инвентар | 100.364,00 | 167.116,00 | 33.542,00 | 133.574,00 |
| **159** | - - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 343.341,00 | 487.823,00 | 271.906,00 | 215.917,00 |
| **161** | - - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 136.969,00 | | | 198.631,00 |
| **162** | - - Државен -јавен капитал | 136.969,00 | | | 198.631,00 |
| **173** | - - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 206.372,00 | | | 17.286,00 |
| **175** | - - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179) | 59.181,00 | | | |
| **176** | - - Обврски спрема добавувачи во земјата | 59.181,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **198** | - - з) Пасивни временски разграничувања | 147.191,00 | | | 17.286,00 |
| **200** | - - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 343.341,00 | | | 215.917,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **666** | - - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР) | | | | 6.827,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2556** | - 85.20 - Основно образование | | | | 65.867,00 |

**Потпишано од:**

Ognan Miovski

CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/26
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 година.

**Член 2**

Полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 година бр.01-73/1 од 24.02.2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-308/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

**_ООУ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО_**




# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за

учебната 2020/2021 година

**Пехчево**
**Јануари 2021**

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020), Директорот на училиштето го изготви полугодишниот извештај за воспитно – образовната работа на училиштето, а Училишниот одбор на седницата одржана на 24.02.2021 година го предложи извештајот до Советот на општината.

### ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ

***Извештајот има за цел да ги презентира:***

- презентација на условите за работа во училиштето и што се е направено за нивно подобрување

- севкупната организациона поставеност и колку е реализирана Годишната програма на училиштето

- поддршка и активности за професионалниот развој на наставникот, стручните соработници и останатите вработени во училиштето

- презентација на произлезените активности во текот на првото полугодие

- аналитички приод на постигнати резултати и предлог мерки за надминување на недостатоците

### ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ИЗВОРИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

- Законот за основно образование
- Развојниот план на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето
- Реализација на програмите на раководниот, стручниот кадар и останатите органи и тела во училиштето
- Статистички преглед и извештаи за бројот, структура на учениците, паралелки и успехот на учениците

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево со петте подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ с. Панчарево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Чифлик – во мирување) учебната 2020/2021 година ја започна на 1 октомври во $8^{00}$ часот преку настава со физичко присуство за учениците од I до III одделение во централното училиште во Пехчево, за учениците од I до V одделение во ПУ с. Црник, за учениците од II и V одделение од ПУ с. Панчарево, учениците од I, II, IV и V одделение од ПУ с. Робово и за учениците од II, III, IV и V одделение од ПУ с. Умлена. Освен настава со физичко присуство, дел од учениците – од IV до IX одделение во централното училиште во Пехчево и учениците од VI до IX одделение од ПУ с. Црник, учебната година ја започнаа со настава со учење на далечина. Но, за учениците од VI до IX одделение од ПУ с. Црник пристигна согласност од МОН за продолжување на следење на наставата со физичко присуство и од 13.10.2020 година учениците од VI до IX одделение од ПУ с. Црник започнаа со следење на настава со физичко присуство. Со оглед на моменталната ситуација на пандемија оваа учебна година часовите се скратени по 10 минути и траат по 30 наместо по 40 минути.

Првачињата се примени со запазување на сите протоколи за заштита и запознаени со своите одделенски раководители, додека учениците од шесто одделение своите класни раководители и останатите предметни наставници ги запознаа online, преку реализацијата на наставата со учење на далечина. На сите ученици им беше прочитан кодексот на однесување во училиштето и куќниот ред.

Училиштето во Пехчево наставата ја реализира во една смена од прво до деветo одделение од $08^{00}$ – $13^{00}$ часот.

ПУ с. Црник е подрачно училиште во кое се застапени сите одделенија од прво до деветто одделение и тука наставата се изведува во две смени со физичко присуство на учениците и тоа: учениците од шесто до деветто одделение се на настава во прва смена од $07^{30}$ – $12^{00}$ часот, додека учениците од прво до петто одделение се на настава во втора смена од $12^{30}$ – $16^{30}$ часот.

ПУ с. Панчарево, ПУ с.Робово и ПУ с. Умлена се подрачни училишта каде што се изведува само одделенска настава од прво до петто одделение и се работи едносменски од $08^{00}$ – $12^{00}$ часот.

Работното време на наставниците во централното училиште и ПУ во с. Робово, с. Умлена, с. Панчарево е од $08^{00}$ – $12^{00}$ часот, додека во ПУ с. Црник бидејќи е двосменско за наставниците кои предаваат од шесто до деветто одделение се прва смена од $07^{15}$ – $12^{15}$ часот, додека наставниците кои предаваат од прво до петто одделение се втора смена од $12^{30}$ – $17^{00}$ часот.

Работното време на директорот, административно техничкиот кадар, стручната служба и хигиеничарите во централното училииште во Пехчево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Панчарево е од $07^{00}$ – $15^{00}$ часот, со исклучок на неколку хигиеничари со неполно работно време од централното училиште на кои работното време им е од $12^{00}$ до $16^{00}$ часот. Работното време на хигиеничарите во ПУ с. Црник се организира во две смени и тоа прва смена од $7^{00}$ - $15^{00}$ часот и втора смена од $12^{00}$ до $20^{00}$ часот.

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *1. Опфат на ученици*

Во основното образование во учебната 2020/2021 година во почетокот на учебната година беа опфатени 296 ученици, распоредени во 30 паралелки.

| *Училиште* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| ООУ Пехчево | 215 | 16 |
| ПУ с. Црник | 63 | 9 |
| ПУ с. Панчарево | 5 | 1 |
| ПУ с. Робово | 8 | 2 |
| ПУ с. Умлена | 5 | 2 |
| ***Вкупно*** | **296** | **30** |

ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број на ученици по одделенија на крајот на првото полугодие во учебната 2020/2021 година*

| | **Македонски јазик** | | **Албански јазик** | | **Турски јазик** | | **Српски јазик** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* |
| **I** | 33 | 15 | | | | | | | 33 | 15 |
| **II** | 38 | 19 | | | | | | | 38 | 19 |
| **III** | 18 | 7 | | | | | | | 18 | 7 |
| **IV** | 32 | 13 | | | | | | | 32 | 13 |
| **V** | 31 | 16 | | | | | | | 31 | 16 |
| ***I – V*** | ***152*** | ***70*** | | | | | | | ***152*** | ***70*** |
| **VI** | 42 | 21 | | | | | | | 42 | 21 |
| **VII** | 51 | 27 | | | | | | | 51 | 27 |
| **VIII** | 31 | 15 | | | | | | | 31 | 15 |
| **IX** | 20 | 8 | | | | | | | 20 | 8 |
| ***VI - IX*** | ***144*** | ***71*** | | | | | | | ***144*** | ***71*** |
| **I – IX** | **296** | **141** | | | | | | | **296** | **141** |




Значајно е да се истакне дека од година во година бројот на ученици се намалува, што придонесува да се намали и бројот на паралелки, а со тоа се загрозуваат работните места на поголем број од вработените во училиштето.

***2. Материјално технички ресурси***

Во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево заедно со подрачните училишта, просторните услови ги задоволуваат педагошките норми и стандарди. Наставата во централното училиште во Пехчево се организира и реализира на база на матични училници за одделенска настава, додека во предметна настава е на принцип на училници - кабинети и кабинети. Во летниот период до почетокот на наставната година се превземени сите потребни активности, се со цел подобрување на условите за работа и учење на учениците.

Аплицираме, правиме проекти, го поддржуваме професионалното надоградување на наставниците се со цел подобрување на условите за работа и учење и подобрување на квалитетот на наставата.

***3. Кадровски услови***

**ВРАБОТЕНИ**

Сите кадровски потерби се навремено решени, а воспитно – образовниот процес во текот на првото полугодие се изведуваше непречено.

Во училиштето вкупно вработени се 62 лица. Од вработените – 1 е директор, 2 административно технички работници, 2 се стручна служба, 44 се наставници, 11 хигиеничари, 1 хаусмајстор и 1 ложач, раководител со парни котли. Часовите од библиотека се распределени на пет наставника вработени на неопределено работно време. Од наставниците 26 наставника изведуваат предметна настава од кои 21 се со ВСС, додека 5 се со ВШС. Од оние со високо образование на неопределено време со полн фонд на часови се 13 наставника, на неопределено време со неполн фонд на часови се 2 наставника, на определено време со полн фонд на часови се 2 наставника и на определено време со неполн фонд на часови се 4 наставника. Од оние со вишо образование сите се на неопределено полно работно време.

Одделенска настава изведуваат 18 наставника од кои 13 наставници се со ВСС, а 5 се со ВШС. Од нив сите се со полн фонд на часови. 15 наставника се на неопределено работно време – 10 наставника со високо образование и 5 наставника со вишо образование и 3 наставника со високо образование се на определено работно време.

Раководно стручниот кадар во училиштето го сочинуваат: 1 директор, 1 педагог, 1 психолог кои се со ВСС. Директорот и психологот се на неопределено работно време, додека педагогот е на определено работно време.

Административно техничкиот кадар го сочинуваат 1 секретар кој е со ВСС и 1 сметководител кој е со ВШС и се на неопределено работно време.

За хигиено – техничко одржување се задолжени - 9 хигиеничари со полно работно време од кои еден е на определено време и 2 со неполно работно време, 1 ложач и 1 хаусмајстор.

**ПРЕГЛЕД**

*на наставниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година*

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. | наст. | учит. | неоф ицијa лно обр. | СЕ | проф. | наст. | учит. | неоф ицијa лно обр. | СЕ | |
| македонски | 13 | 5 | | | 18 | 21 | 5 | | | | 26 |
| албански | | | | | | | | | | | |
| турски | | | | | | | | | | | |
| српски | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 13 | 5 | | | 18 | 21 | 5 | | | | 26 |

**ПРЕГЛЕД**

*на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година*

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, помош. и зам. директор, педагог, психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |
| Директор | 1 | | 20 год. 5 мес. | 3 год. |
| Зам. директор | | | | |
| Пом. директор | | | | |
| Педагог | 1 | | 0 год. 2 мес. | 0 год. 2 мес |
| Психолог | 1 | | 11 год. 10 мес. | 7 год. 11 мес |
| Социолог | | | | |

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР**
**(од август до јануари)**

Во првото полугодие, наставниците со оглед на моменталната ситуација обуките кои ги посетиле се online и за нивно следење можат да се вклучат сите наставници. Најпрво беше организирана обука на сите вработени од училиштето од страна на МОН за работата на Националната платформа за учење на далечина и користење на Microsoft Teams, потоа Eduino порталот секоја седмица организира најразлични обуки кои ги реализираат стручни лица поврзани со следење на настава со учење на далечина на кои обуки се регистрираат и ги следат поголем број наставници од училиштето за што добиваат и сертификати. Обуките кои се организирани за стручни предмети исто така ги следат наставниците од соодветната област за кој е наменета обуката.

## ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

### *1. Годишна програма за работа на училиштето*

Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена и донесена во предвидениот законски рок и презентирана пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на општината.

Сите наставници и од предметна и од одделенска настава навремено ги изготвија и предадоа кај стручната служба своите годишни и тематски планирања (и истите дел од наставниците континуирано ги предаваат), а дел од наставниците редовно изготвуваат и дневно – оперативни планирања. Своите годишни и тематски планирања наставниците ги изготвуваат според насоките добиени од советниците од БРО и стекнатите сознанија од различните семинари и обуки кои ги имаат посетено. Поради специфичноста на ситуацијата стручните соработници во текот на првото полугодие немаа можности за посета на час на наставниците.

Приоритетни подрачја во Годишната програма за работа на училиштето се:

- Унапредување на соработката со родителите

**Цел:** Учество на родителите во воспитно-образовните средби во училиштето со зголемена присутност од над 70%.

- Зајакнување за мотивираноста кај наставниците преку систем на награди

**Цел:** Зголемување на бројот на наставници за учество на општински, регионални и државни натпревари .

- Создавање подобри услови за изведување на наставата

**Цел:** Набавка на нови нагледни средства за потребите на наставата, набавка на 4 електронски табли, шкафови и полици во училниците и во ходниците каде што тоа не е направено, венецијанки во 5 училници, нови 50 клупи и 100 столчиња за учениците, нов котел на пелети и котлара во централното училиште во Пехчево, доградба на 4 училници и канцеларија за создавање услови за едносменско работење и реконструкција на ученичките санитарни јазли во ПУ с. Црник, препокривање на училишната зграда во ПУ с. Робово и реконструкција на 4 училници во ПУ с. Робово.

- Подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар

**Цел:** Лично и професионално усовршување на наставниците преку посета на семинари и обуки

- Зајакнување на демократската клима во училиштето

**Цел:** Со цел - зајакнување на демократската клима во училиштето, во текот на првото полугодие од учебната 2020/21 година, за прв пат ќе се спроведе Отворен ден за граѓанско образование чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница.

**Првата цел** континуирано се реализира преку изнаоѓање на различни настани, активности, проекти, работилници, трибини, состаноци, пополнување на анкети, зголемено учество при донесувањето на одлуки битни за воспитно – образовната работа на учениците, се со цел за почеста и поредовна посета на училиштето од страна на родителите, а не само на предвидените родителски средби. Од голема помош во овој поглед ни дојде проектот на МОН за зголемување на соработката помеѓу училиштето и родителите со дадени активности и временска рамка кои треба да се реализираат во заедничка соработка со наставниците, родителите и учениците.

**Показатели:** изготвените извештаи од страна на наставниците за видот и начинот на соработка со родителите, записници од состаноци, изведени заклучоци од анкети, добиени аналитички резултати и сл.

**Втората цел** е во континуитет на реализација при што постојано се вршат разговори со наставниците во врска со тоа што би придонело се повеќе да бидат мотивирани за да учествуваат на различни натпревари и колку училиштето би можело да придонесе за постигнување на таа цел.

**Показатели:** зголемениот број на ученици кои учествуваат на различни видови организирани натпревари и поголемиот број на добиени награди и пофалници.

**Третата цел** е од доста големо значење за унапредување на наставата и наставниот процес, се со цел зголемување на знаењата кај учениците. **Показатели:** стекнување на поголеми знаења и продукција на поквалитетни знаења кај учениците.

**Четврта цел** е во континуитет на реализација преку следење на понудените обуки од различни акредитирани асоцијации и организации за поголемо лично и професионално усовршување на наставниците преку континуирана посета на семинари и обуки

**Показатели:** стекнување на различни искуства, активности, методи, знаења и продукција на разноликост во наставата со цел стекнување поквалитетни знаења кај учениците.

**Петтата цел** е од доста големо значење зајакнување на демократската клима во училиштето со цел да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница.

**Показатели:** ученици кои спроведуваат позитивни промени поврзани со состојбите и условите во училиштето и целокупната заедница.

***2. Планирање и реализација на наставата***

**2.1. Задолжителна настава**

Реализацијата на содржините од планирана настава – задолжителни часови се реализирани околу 90%, бидејќи во првото полугодие има повеќе празници и се реализираат помалку наставни денови, но во текот на второто полугодие истите ќе бидат реализирани во поголем процент.

**2.2. Изборни предмети**

Изборните предмети кои учениците ги изучуваат во текот на оваа учебна година беа изберени за изучување според анкетите за ученици кои се извршија во месец мај за следната учебна година.

Изборен предмет во IV одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво.* Во V одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво*. Во VI одделение и во централното училиште во Пехчево како изборен предмет се изучува *запознавање на религиите*, а во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување беше избран *класична култура во европската цивилизација*. Во VIIа одделение во централното училиште во Пехчево и во VII одделение во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување е избран *проекти од ликовната уметност,* а во VIIб одделение во централното училиште во Пехчево изборен предмет за изучување е избран *истражување на родниот крај* и во VIIв одделение во централното училиште во Пехчево изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење.* Во VIIIа и VIIIб одделение во централното училиште во Пехчево е избран *унапредување на здравјето*, а во VIII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење.* Во IX одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *проекти од информатика*, а во IX одделение во ПУ с. Црник како изборни предмети е избран *техничко образование.*

**2.3. Дополнителна настава**

Дополнителна настава се организира за учениците кои послабо напредуваат и имаа потешкотии при совладувањето на наставниот материјал од второ до деветто одделение. Со оглед на моменталната ситуација во државата која се наоѓа во фаза на пандемија во текот на првото полугодие не се реализирани часови за дополнителна настава.

**2.4. Додатна настава**

Ваков вид на настава се организира за учениците од второ до деветто одделение кои според согледувањата на наставниците покажуваат посебен интерес и посебни способности по одредени предмети заради проширување и зголемување на спектарот на стекнување на знаења на месечно ниво. Со оглед на моменталната ситуација во државата која се наоѓа во фаза на пандемија во текот на првото полугодие не се реализирани часови за додатана настава.

**2.5. Одделенски час**

Одделенскиот час или Животни вештини е задолжителен за сите ученици од второ до деветто одделение, а во прво одделение се изучува во склоп на другите предмети и не е издвоен како посебен час. Одделенскиот час се реализира со еден час неделно во сите одделенија од предметна и од одделенска настава.

**2.6. Реализација на развојно – истражувачки проекти и други иновации**

Во училиштето успешно се спроведуваат и реализираат повеќе проекти:
- проектот Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;
- проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;
- програмата за Јазична писменост во почетните одделенија;
- програмата за Математика со размислување во почетните одделенија;
- новите наставни програми по математика, физика, биологија и природни науки според Кембриџ;
- програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;
-спроведување на различни иновативни работилници од страна на стручните соработници во училиштето наменети за учениците;
- спроведување на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето;
- програмата за Животни вештини од второ до деветто одделение;
- програмата за описно оценување на учениците од прво до шесто одделение;

**2.7. Слободни ученички активности**

Преку СУА се поттикнува детската фантазија, креативност, љубопитност, самостојност, желба за афирмација на детската личност. Слободните ученички активности беа реализирани од само неколку наставници преку работата на секциите во училиштето од страна на одговорните наставници со однапред изготвени програми за работа согласно Наставниот план и програма за одделенска и предметна настава.

**2.8. Успехот и редовноста на учениците**

Во интерес на реалното согледување на успехот и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, а со цел постоење на методолошка оправданост при анализа на успехот и радовноста на учениците користени се методи и принципи на анализа, синтеза, генерализација, компаративност и реалност. За извор на информации и споредување на резултатите се користени статистички податоци според пол, возраст, национален статус на учениците последователно во четири периоди низ целата учебна година. Во долу дадената табела споредбено се дадени статистички податоци за средниот постигнат успех на полугодие на учениците во последните три учебни години:

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛУГОДИЕ 2018/2019*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2019/2020*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2020/2021*** | | |
| **IV**<br><br>**V** | 4,05<br><br>3,91 | **среден успех**<br><br>**3,82** | **IV**<br>**V**<br>**VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | | **IV**<br>**V**<br>**VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | |
| **VI - IX** | 3,51 | | **VII**<br><br>**VIII**<br><br>**IX** | 3,54<br><br>3,14<br>3,73 | **среден успех** | **VII**<br><br>**VIII**<br><br>**IX** | 3,96<br><br>3,67<br>3,40 | **среден успех** |
| | | | **VII - IX** | | 3,47 | **VII - IX** | | 3,68 |

Оваа учебна година не може да се направи споредба со претходните учебни години затоа што според новиот Закон за основно образование, учениците од вториот период од IV – VI одделение на полугодие се оценуваат описно, а не бројчано како допред две учебни години. Па според тоа споредбата не би била релевантна.

**ПРЕГЛЕД**

*на средниот успех по одделенија на полугодие последните три учебни години*

| СРЕДЕН УСПЕХ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Полугодие 2018/2019*** | | | ***Полугодие 2019/2020*** | | | ***Полугодие 2020/2021*** | | |
| ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** |
| **I** | Описно се оценети | 9.50 | **I** | Описно се оценети | 0.11 | **I** | Описно се оценети | 0.45 |
| **II** | | 3.73 | **II** | | 1.72 | **II** | | 0.97 |
| **III** | | 2.88 | **III** | | 0.44 | **III** | | 18.67 |
| **IV** | 4.05 | 4.29 | **IV** | | 0.51 | **IV** | | 2.97 |
| **V** | 3.91 | 1.77 | **V** | | 0.48 | **V** | | 0.19 |
| **VI** | 3.58 | 7.58 | **VI** | | 0.48 | **VI** | | 8.03 |
| **VII** | 3.16 | 7.09 | **VII** | 3,54 | 1.27 | **VII** | 3.96 | 0.90 |
| **VIII** | 3.59 | 5.96 | **VIII** | 3,14 | 1.50 | **VIII** | 3.67 | 3.94 |
| **IX** | 3.69 | 11.15 | **IX** | 3,73 | 1.11 | **IX** | 3.40 | 3.15 |









При вршење на споредба на минатогодишниот полугодишен успех и полугодишниот успех оваа учебна година по одделенија може да се земе во предвид само за седмо, осмо и деветто одделение, бидејќи според новиот Закон за основно образование учениците од вториот период на полугодие се оценети описно, а не бројчано како до сега. Заклучно горенаведеното се согледува следното:

- успехот на седмо одделение оваа учебна година е повисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е повисок за 0,42, додека за разлика од учебната 2018/2019 година средниот успех на полугодие на седмо одделение е најнизок;

- успехот на осмо одделение оваа учебна година е повисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е повисок за 0,53, додека за разлика од учебната 2018/2019 година средниот успех на полугодие на осмо одделение е повисок за 0,08;

- успехот на девето одделение оваа учебна година е понизок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е понизок за 0,33, додека за разлика од учебната 2018/2019 година средниот успех на полугодие на девето одделение е понизок за 0,29;

- општо земено полугодишниот успех оваа учебна година може да се спореди само со успехот од претходната учебна година каде што оваа учебна година успехот на полугодие изнесува 3,68, додека минатата учебна година изнесувал 3,47, што е за 0,21 повисок, но не може релевантно да се спореди со полугодишниот успех од учебната 2018/2019 година затоа што оваа учебна година во бројчано оценување се вклучени и учениците од вториот период, од IV – VI одделение.

Оваа учебна година согласно Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ и Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците не се изречени никакви педагошки мерки.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година***

***само за централното училиште во Пехчево (без подрачните училишта)***

| реден бр. | одделение | среден успех | реден бр. | одделение | изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **Iа** | описно оценети на полугодие | *1* | **Iа** | 0.00 |
| *2* | **Iб** | | *2* | **Iб** | 0.00 |
| *3* | **IIа** | | *3* | **IIа** | 0.00 |
| *4* | **IIб** | | *4* | **IIб** | 0.00 |
| *5* | **III** | | *5* | **III** | 21.71 |
| *6* | **IVа** | | *6* | **IVа** | 2.18 |
| *7* | **IVб** | | *7* | **IVб** | 3.10 |
| *8* | **V** | | *8* | **V** | 0.00 |
| *9* | **VIа** | | *9* | **VIа** | 0.00 |
| *10* | **VIб** | | *10* | **VIб** | 0.00 |
| *11* | **VIIа** | 4.48 | *11* | **VIIа** | 0.00 |
| *12* | **VIIб** | 3.76 | *12* | **VIIб** | 1.71 |
| *13* | **VIIв** | 3.84 | *13* | **VIIв** | 0.00 |
| *14* | **VIIIа** | 3.67 | *14* | **VIIIа** | 0.00 |
| *15* | **VIIIб** | 3.87 | *15* | **VIIIб** | 0.00 |
| *16* | **IX** | 3.77 | *16* | **IX** | 0.00 |







Преку увидот од табеларниот преглед за успехот на учениците и редовноста се забележува следното:
- со највисок успех се VIIa одделение;
- со најнизок успех се VIIIa оддление;
- голем број на одделенија немаат ниту по еден изостанок, додека
- најголем број на изостаноци по ученик се забележуваат во III одделение, најчесто поради болест и превентивни мерки против корона вирус – изолација.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година во централното училиште во Пехчево***

| VII одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4.00 |
| Математика | 3.31 |
| Англиски јазик | 3.45 |
| Француски јазик | 4.43 |
| Германски јазик | 3.82 |
| Ликовно образование | 4.67 |
| Музичко образование | 4.14 |
| Информатика | 4.12 |
| Географија | 3.86 |
| Историја | 4.21 |
| Етика | 3.69 |
| Биологија | 3.82 |
| Физичко образование | 4.31 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од ликовна уметност | 4.86 |
| Истражување на родниот крај | 4.36 |
| Вештини на живеење | 4.43 |
| **Среден успех на седмите одделенија** | **4.09** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет проекти од ликовна уметност 4.86;
-најслаб е успехот по математика 3.81;
-среден успех на седмо одделение е 4.09.

| VIII одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.92 |
| Математика | 3.01 |
| Англиски јазик | 3.20 |
| Француски јазик | 3.63 |

| | |
|---|---|
| Германски јазик | 3.20 |
| Ликовно образование | 4.60 |
| Музичко образование | 4.00 |
| Географија | 3.49 |
| Историја | 4.19 |
| Граѓанско образование | 4.04 |
| Биологија | 3.53 |
| Физика | 3.72 |
| Хемија | 3.65 |
| Физичко образование | 4.09 |
| **Изборен предмет** | |
| Унапредување на здравјето | 4.28 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3.77** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4.60;
-најслаб е успехот по математика 3.01;
-среден успех на осмо одделение е 3.77.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4.07 |
| Математика | 3.20 |
| Англиски јазик | 3.33 |
| Француски јазик | 3.60 |
| Германски јазик | 3.60 |
| Ликовно образование | 4.60 |
| Музичко образование | 4.20 |
| Географија | 3.53 |
| Историја | 3.47 |
| Граѓанско образование | 4.33 |
| Биологија | 3.40 |
| Физика | 3.47 |
| Хемија | 3.67 |
| Иновации | 3.87 |
| Физичко образование | 4.06 |
| **Изборен предмет** | |
| Унапредување на здравјето | 3.87 |

| Среден успех на деветите одделенија | 3.77 |
|---|---|




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4.60;
-најслаб е успехот по математика 3.20;
-среден успех на деветто одделение е 3.77.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година во ПУ с Црник***

| Реден бр. | одделение | Среден успех | Реден бр. | одделение | Изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **I** | **опишно оценети на полугодие** | *1* | **I** | 2.14 |
| *2* | **II** | | *2* | **II** | 4.57 |
| *3* | **III** | | *3* | **III** | 10.67 |
| *4* | **IV** | | *4* | **IV** | 5.71 |
| *5* | **V** | | *5* | **V** | 0.67 |
| *6* | **VI** | | *6* | **VI** | 25.70 |
| *7* | **VII** | 3.78 | *7* | **VII** | 2.44 |
| *8* | **VIII** | 3.48 | *8* | **VIII** | 20.33 |
| *9* | **IX** | 3.03 | *9* | **IX** | 12.60 |







Бидејќи на полугодие бројчано се оценети само оние ученици кои учат во некое од одделенијата во последниот период, од увидот на табелата јасно се гледа дека:

-најдобро одделение по успех е VII одделение;

-најслабо одделение по успех е IX одделение;

-најмногу изостаноци по ученик се забелжани во VI одделение;

-најмал број на изостаноци се забележани во V одделение.

Споредбено со успехот во централното училиште во ПУ с. Црник средниот успех на учениците е малку послаб, но во овој случај битно е да се напомене дека ПУ с. Црник е мултинационално училиште во кое што учат ученици од различни националности и тоа турска, ромска националност и бошњаци, при што според бројноста на учениците во најголем број се застапени ученици од ромска националност, потоа се учениците од турска и два ученика по националност  бошњаци. Во ПУ с. Црник нема воопшто ученици од македонска националност, а исто така и во иднина нема да има ученици од македонска националност.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година во ПУ с. Црник***

| **VII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4.00 |
| Математика | 3.55 |
| Англиски јазик | 3.33 |
| Француски јазик | 3.44 |
| Ликовно образование | 4.00 |
| Музичко образование | 3.88 |
| Информатика | 3.44 |
| Географија | 3.11 |
| Историја | 3.66 |
| Етика | 4.11 |
| Биологија | 3.88 |
| Физичко образование | 4.44 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од ликовна уметност | 4.33 |
| **Среден успех на седмо одделение** | **3.78** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование 4.44;
-најслаб е успехот по географија 3.11;
-среден успех на седмо одделение е 3.78.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.83 |
| Математика | 3.17 |
| Англиски јазик | 3.33 |
| Француски јазик | 3.00 |
| Ликовно образование | 4.33 |
| Музичко образование | 3.83 |

| | |
|---|---|
| Географија | 3.00 |
| Историја | 3.67 |
| Граѓанско образование | 3.67 |
| Биологија | 3.33 |
| Физика | 3.17 |
| Хемија | 3.00 |
| Физичко образование | 4.00 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 3.33 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3.48** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4.33;
-најслаб е успехот по француски јазик, географија и хемија 3.00;
-среден успех на осмо одделение е 3.48.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 2.80 |
| Математика | 3.00 |
| Англиски јазик | 3.00 |
| Француски јазик | 2.40 |
| Ликовно образование | 3.40 |
| Музичко образование | 3.40 |
| Географија | 3.00 |
| Историја | 2.80 |
| Граѓанско образование | 3.00 |
| Биологија | 2.60 |
| Физика | 2.80 |
| Хемија | 2.40 |
| Иновации | 3.00 |
| Физичко образование | 4.00 |
| **Изборен предмет** | |
| Техничко образование | 3.80 |
| **Среден успех на девето одделение** | **3.03** |




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование 4.00;
-најслаб е успехот по француски јазик и хемија 2.40;
-среден успех на деветто одделение е 3.03.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на редовноста од I и V одделение на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година во ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Панчарево***

| **ПУ с. Умлена** | | | **ПУ с. Робово** | | | **ПУ с.Панчарево** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** |
| **I** | **описно оценети на полугодие** | / | **I** | **описно оценети на полугодие** | 0.00 | **I** | **описно оценети на полугодие** | / |
| **II** | | 0.00 | **II** | | 2.50 | **II** | | 0.00 |
| **III** | | 0.00 | **III** | | / | **III** | | / |
| **IV** | | 0.00 | **IV** | | 0.00 | **IV** | | / |
| **V** | | 0.00 | **V** | | 0.00 | **V** | | 0.00 |

Во подрачните училишта во кои се изведува настава до петто одделение учениците се описно оценети, а бројот на изостаноци е многу мал што претставува една позитивна карактеристика на училиштето.

Учениците од прво до третто одделение во сите периоди се оценуваат описно. Учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано, и бројчано и описно. На двете тримесечја и на полугодие овие ученици се оценети описно, додека на крајот од учебната година се оценуваат бројчано. Оваа карактеристика е новина од претходната учебна година што произлезе од новиот Закон за основно образование кој стапи на сила од минатата учебна година.

**Активности на учениците**

Училиштето ја реализира програмата „Интеграција на еколошкта едукација во македонскиот образовен систем“, каде што учениците за време на редовните часови реализираат разновидни еко содржини и еко активности во склоп на програмата, а преку еко одборот во кој што активна улога имаат и самите ученици се овозможуваат, поддржуваат и реализираат активности од самата програма.

Училиштето е вклучено во проектот Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта каде наставниците се задолжени да реализираат активности поврзани со антикорупциски содржини (квизови, литературен или ликовен натпревар и сл.) во конекција со предметот граѓанско образование или животни вештини.

Исто така училиштето е вклучено и во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието каде што учениците на одделенскиот час или на редовните часови каде наставниците се во можност се запознаваат со карактеристиките на различни култури и етникуми кои живеат во нашата држава. Исто така голема би била улогата на ученичката заедница во склоп на овој проект доколку би се обезбедило партнер училиште, преку заедничките активности што би требало да се спроведат со ученичката заедница од партнер училиштето.

Оваа учебна година со оглед на ситуацијата, период на пандемија, каде што учениците следат настава со учење на далечина, не се физички присутни во училиштето, но и оние кои се физички присутни во училиштето треба да одржуваат социјална дистанца, па голем дел од планираните и предвидени активности не се во можност да се реализираат.

Секој чекор кој го правиме е чекор повеќе кој не води напред. Малите неуспеси не не обесхрабруваат туку ни даваат поттик да одиме напред со нови сили, поголем мотивив за постигнување на подобри резултати.

*Наш интерес е секој воспитно – образовен предизвик да го ставиме во функција на ученикот, родителот, заедницата и локалната средина.*

***„Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот.“***

Училишен одбор при
ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево
Претседател
_______________________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/27 Градоначалник на
10.03.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 95/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) и член 30 став 1 алинеја 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево бр.01-52/1 од 23.02.2021 година, усвоен од Управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-309/1 Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на Р. Северена Македонија бр.104/19,146/19 и 275/19), и член 29 став 9 од Статутот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „7 Септември“ –Пехчево, Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „7 Септември“ –Пехчево на ден 23.02.2021 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември“ –Пехчево**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември“ –Пехчево, бр.01-213/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Во членот 4 зборовите „вкупно 20 работни места на кои се распоредени вкупно 39 извршители“ се заменуваат со зборовите „вкупно 17 работни места на кои се распоредени вкупно 34 извршители“.

Член 3

Во член 6 став 1 зборовите „2 работни места кои ги извршуваат 2 административни службеници“ се менуваат со зборовите „4 работни места кои ги извршуваат 4 административни службеници“.

Член 4

Во членот 7 став 1 после алинеја 2 по зборовите „ниво Г03 1 извршител“ се додаваат две алинеи и тоа:

„- ниво В01 - 1 извршител
- ниво Г01 - 1 извршител“

Член 5

Член 9 се менува и гласи:

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:

- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

4. Работно искуство и тоа:

За нивото В1 најмалку 3 години работно искуство во струката,
За нивото В2 најмалку 2 години работно искуство во струката,
За нивото В3 најмалку 1 година работно искуство во струката,
За нивото В1 со или без работно искуство во струката,

Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Член 6

Член 10 се менува и гласи:

(1) Посебни услови утврдени со законот за помошно – стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работноискуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалкуедна години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

(2) Потребни општи компетенции на основно ниво:

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Член 7

Во членот 18 зборовите „вкупно 4 работни места во воспитно-згрижувачка служба со вкупно 19 извршители“ се менуваат со зборовите „вкупно 5 работни места во воспитно-згрижувачка служба со вкупно 20 извршители“.

Член 8

Во член 19 став 1 после алинеја 2 се додава алинеја 3 и гласи „ниво В2 ментор - 1“.

Член 9

Во делот Табеларен приказ на работните места, по работното место со реден број 1 со шифра на работно место ДЕЗ 0102 В03 002 и назив на работно место Соработник-сметководител се додава работно место со реден број 1-а и гласи:

| **I. Административна служба и помошно технички персонал** | |
|---|---|
| **I.1. Административно помошна техничка служба** | |
| **I.1.1. Административен оддел** | |
| **Реден број** | 1-а |
| **Шифра** | ДЕЗ 0102 В01 002 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Сметководител |

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Директор |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Остварување законско и ефикасно финансиско работење во насока на извршување на финансиското и сметководсвеното работење |
| **Работни задачи и обврски** | - ја организира целокупната работа во сметководството на јавната установа за деца;<br>- ги усогласува материјалните картици со финансовите;<br>- врши навремено и ажурно контирање на секојдневните финансиски промени во финансовата евиденција во сметководството;<br>- изготвувањето на финансови планови, финансови извештаи и планот за јавни набавки<br>- изготвува материјали, правилници и упатства за пописните комисии и ја организира работата во врска со пописот<br>- учествува во спроведување на постапките за јавни набавки;<br>- ги усогласува податоците на главната книга (синтетика) со податоците на аналитичките сметки;<br>- се грижи за ажурно, уредно и исправно водење на деловните книги во аналитичкото сметководство,<br>- учествува и изготвува статистички извештаи за потребите на јавната установа за деца;<br>- врши навремено подмирување на побарувањето према добавувачите. |

Член 10

Во делот Табеларен приказ на работните места, по работното место со реден број 2 со шифра на работно место ДЕЗ 0102 Г03 002 и назив на работно место Референт- архивар се додава работно место со реден број 2 – а и гласи:

| | |
|---|---|
| **I. Административна служба и помошно технички персонал** | |
| **1. Административно помошно техничка служба** | |
| **I.1.1. Административен оддел** | |
| **Реден број** | 2 - а |
| **Шифра** | ДЕЗ 0102 Г01 009 |
| **Ниво** | Г1 |
| **Звање** | Самостоен референт |
| **Назив на работно место** | архивар |
| **Број на извршители** | 1 |

| | |
|---|---|
| **Одговара пред** | Директор |
| **Вид на образование** | Средно економско, правно, гимназија |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Совесно, одговорно и стручно извршување на работи и работни задачи почитувајќи ја организацијата на работа и деловната активност на јавната установа за деца со уредно и законско водење на архива |
| **Работни задачи и обврски** | -документарниот материјал, истиот го чува, заштитува и одржува во изворна и безбедна состојба да не се оштети, изчезне или уништи и користи согласно закон и други прописи или општи акти;<br>-дава подтоци и информации за архивскиот и документираниот материјал на Државниот Архив и дозволува увид на овластено лице од Државниот Архив во неговата состојба како и истражување, поручување, снимање, користење на архивскиот и документираниот материјал;<br>-обезбедува доспатност на архивскиот и документираниот материјал на јавноста огласно со закон и други прописи;<br>-го известува Државниот Архив за сите правни и фактички промени на архивскиот и документираниот материјал;<br>-врши прием, евидентирање, распоредување, чување и испраќање на архивскиот материјал;<br>-врши тековно одбирање на архивскиот од документираниот материјал, издвојување и попис на документираниот материјал за уништување;<br>-го изготвува планот за архивски материјал;<br>-води едвиденција (попис и опис), го обележува и чува архивскиот материјал;<br>-го води деловодникот, надворешна и интерната доставна книга на установата. |

Член 11

Во делот Табеларен приказ на работните места, по работно место со реден број 11 се додава ново работно место со реден број 11-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| II.2. Воспитно згрижувачка служба | |
| II.2.1. Оддел на Воспитувачи | |
| Реден број | 11-а |
| Шифра | ДЕЗ 03 03 В02 001 |

| | |
|---|---|
| Ниво | В2 |
| Звање | Ментор |
| Назив на работно место | Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Директор |
| Вид на образование | дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог |
| Други посебни услови | Важечка лиценца за воспитувач |
| Работни цели | -пренесува знаење, вештини и искуства на менторираното лице |
| Работни задачи и обврски | -давање на конкретни совети на менторираното лице при реализација на работните задачи.<br>-следење на работата на менторираното лице преку непосредно набљудување,<br>-дава извештај за работата на менторираното лице (приправник),<br>-работи на следење, поттикнување, унапредување и развивање на психофизичкиот развој на децата;<br>-стручно педагошко и методско усовршување, следејќи ја стручната литература, разменувајќи искуства како и учествувајќи на семинари, работилници, курсеви, конференции и сл. организирани преку генерички (општи) и специјализирани обуки;<br>-ја планира и реализира воспитно-образовната работа во групата со примена на современи дидактички методи, форми и принципи на работа со деца;<br>-работи на адаптацијата и социјализацијата на децата како и на унапредување и развивање на интелектуалните, комуникациските и творечките способности кај децата;<br>-води педагошка евиденција и документација, изработува (пополнува, евидентира) документи непосредно врзани со работата во воспитната група;<br>-го осмислува просторот педагошки, естетски и креативно притоа почитувајќи ги начелата од здравствен, хигиенски и безбедносен аспект (собирање и изработка на дидактички средства, осмислување на центри на активност и сл.);<br>-создава основа и интерес кај децата за развивање на основните културно-хигиенски и работни навики, како и навики за правилно конзумирање на оброците и при тоа води грижа за нивното здравје и безбедност;<br>-употребува прирачници и детски списанија како воспитно-образовни материјали во функција на реализација на активностите со претходно добиено решение за употреба од ресорното министерство; |

| | |
|---|---|
| | -гради партнерски однос со семејствата на децата, ја почитува приватноста на родителите и преку најразлични облици на соработка учествува во реализацијата на дел од активностите во установата;<br>-реализира активности на место на отсутен воспитувач од соодветна возрасна група; |

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Управниот одбор на ЈОУДГ „7 Септември“-Пехчево, а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-52/1** **Претседател на Управен одбор**
**23.02.2021 год.** **Ружица Миланов с.р.**

**ПРИЛОГ:**
**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА**

| Р. бр. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. извршители | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе |
| 1 | ДЕЗ 0102 В03 002 | Соработник сметководител | 1 | 1 | | |
| 1-а | ДЕЗ 0102 В01 002 | Советник-Сметководител | 1 | | | |
| 2 | ДЕЗ 0102 Г03 009 | Референт архивар | 1 | 1 | | |
| 2-а | ДЕЗ 0102 Г01 009 | Самостоен референт-Архивар | 1 | | | |
| 3 | ДЕЗ 0401 А01 001 | Хаусмајстор | 1 | | | 1 |
| 4 | ДЕЗ 0405 А01 002 | Магационер | 1 | | | 1 |
| 5 | ДЕЗ 0404 А02 001 | Готвач | 2 | | | 2 |
| 6 | ДЕЗ 0404 А04 001 | Садомијач/серверка | 1 | | | |
| 7 | ДЕЗ 0401 А01 004 | Хигиеничар | 2 | | | 2 |
| 8 | ДЕЗ 0303 Б03 002 | Стручен работник - Дипломиран психолог | 1 | | 1 | |
| 9 | ДЕЗ 0303 Г03 001 | Стручен соработник - Музички педагог | 1 | | 1 | |
| 10 | ДЕЗ 0303 Г03 004 | Стручен соработник -Дипломиран професор по странски јазик и книжевност | 1 | | 1 | |
| 11 | ДЕЗ 0303 В03 001 | Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 8 | | 7 | |
| 11 - а | ДЕЗ 0303 В02 001 | Ментор-Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 1 | | | |
| 12 | ДЕЗ 0303 В04 001 | Приправник-Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 1 | | | |
| 13 | ДЕЗ 0303 Д03 001 | Негувател-помошно стручен работник | 9 | | 9 | |
| 14 | ДЕЗ 0303 Д04 001 | Приправник - Негувател | 1 | | | |
| | | ВКУПНО: | 34 | 2 | 19 | 6 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/28
10.03.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево ја усвојува завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020 година за Донаторска сметка, Наменски дотации, Самофинансирачки активности, се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-310/1
10.03.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Примено: 24.02.2021
Орг. един. 08 | Број 22/4 | Прилог / | Вредност /

## ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ " - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331
e-mail: detskagradinkapehcevo@yahoo.com

ДО
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"- Пехчево за 2020 година, на Донаторска сметка 754010223278512**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | ПРИХОДИ | 106.239,00 |
| | | |
| | РАСХОДИ | 0,00 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | ВКУПНО РАСХОДИ: | 0,00 |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 106.239,00 | 0,00 | +106.239,00 |

ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Примено: 24.02.2021

08 221/2

ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ " ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331
e-mail: detskagradinkapehcevo@yahoo.com

ДО
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2020 година, на сметка Наменски дотации 754010223290314**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **11.170.796,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **401** | **Основни плати** | **7.143.838,00** |
| 401130 | Основни плати | 6.676.483,00 |
| 401310 | Персонален данок | 467.355,00 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **2.772.383,00** |
| 402110 | Придонеси за ПИО | 1.860.912,00 |
| 402210 | Придонеси за здравство | 742.898,00 |
| 402220 | Придонеси за проф. заболување | 49.590,00 |
| 402310 | Придонеси за вработување | 118.983,00 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **642.040,00** |
| 421110 | Електрична енергија | 67.256,00 |
| 421120 | Водовод и канализација | 107.353,00 |
| 421220 | Дрва | 334.241,00 |
| 421240 | Течни горива | 63.857,00 |
| 421310 | Пошта | 8.959,00 |
| 421320 | Телефон | 60.374,00 |
| **423** | **Матерјали и ситен инвентар** | **155.587,00** |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 155.587,00 |
| **427** | **Привремени вработувања** | **398.948,00** |
| 427110 | Привремени вработувања | 398.948,00 |
| **464** | **Разни трансфери** | **58.000,00** |
| 464990 | Други трансфери | 58.000,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **11.170.796,00** |

ОЈУДГ "7Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

ЧЕВО ... - ПЕХЧЕВО
08 221/3 - -
ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331
e-mail: detskagradinkapehcevo@yahoo.com

ДО
СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2020 година, на сметка Самофинансирачки активности 754010223278710**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **3.746.682,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **17.330,00** |
| 420110 | Патување во земјата-хранарина (дневница) | 1.000,00 |
| 420130 | Сместување во земјата | 1.600,00 |
| 420210 | Патување во странство-хранарина(дневница) | 3.530,00 |
| 420230 | Патување во странство-сместување | 11.200,00 |
| **421** | **Комунални усуги, греење, комуникација и транспорт** | **29.520,00** |
| 421110 | Електрична енергија | 11.677,00 |
| 421390 | Други трошоци за комуникации | 1.500,00 |
| 421410 | Горива и масла | 1.500,00 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 6.223,00 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 8.620,00 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **2.212.364,00** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 41.890,00 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија | 38.315,00 |
| 423310 | Униформи | 17.515,00 |
| 423320 | Обувки | 12.649,00 |
| 423330 | Постелина | 7.097,00 |
| 423410 | Прехрамбени продукти | 1.922.776,00 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 5.902,00 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 99.724,00 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 5.800,00 |
| 423810 | Ситен инвентар | 60.696,00 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **210.923,00** |
| 424110 | Поправка и сервисирање на л.возила | 11.779,00 |
| 424210 | Одржување на згради | 133.417,00 |
| 424230 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 11.200,00 |
| 424410 | Поправка и одржување на мебел | 35.857,00 |
| 424420 | Поправка и одржување на софтверска и хардвер опрема | 18.670,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **106.322,00** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 15.837,00 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 13.834,00 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 47.200,00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 29.541,00 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **124.361,00** |

| | | |
|---|---|---|
| [illegible]10 | Семинари и конференции | 26.220,00 |
| [illegible]410 | Објавување на огласи | 73.112,00 |
| [illegible]6990 | Други оперативни расходи | 25.029,00 |
| **427** | **Привремени вработувања** | **128.339,00** |
| 427110 | Привремени вработувања | 128.339,00 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **133.927,00** |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | 31.950,00 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 63.807,00 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 38.170,00 |
| **481** | **Градежни објекти** | **89.970,00** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 89.970,00 |
| **483** | **Купување на мебел** | **60.000,00** |
| 483190 | Купување на друг мебел | 60.000,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **3.113.056,00** |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 3.746.682,00 | 3.113.056,00 | +633.626,00 |

ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево

Директор

/Васка Симовска/

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/29 — Градоначалник на
10.03.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Трenчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево ја усвојува завршната сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-311/1 — Совет на општина Пехчево
10.03.2021 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на дванаесет месечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на дванаесет месечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и петтата седница одржана на ден 10.03.2021 година.

Бр. 09-317/30<br>10.03.2021 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 10.03.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2020 год. до 30.06.2020 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува дванаесетмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год.

**Член 2**

Дванаесетмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год. бр. 01-148/1 од 17.02.2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-312/1<br>10.03.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 05-148/1
17.02.2021 год.
ПЕХЧЕВО

# *Дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" -Пехчево*

**ОД 01-01-2020 до 31-12-2020 ГОДИНА**

*ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр.40*
*email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com*

ВОВЕД

Анализата на финансиките извештаи има за цел да ја процени ефикасноста и перформансите на претпријатието, да ги потенцира слабостите и силните страни на работењето и да направи прогноза на идните перспективи на работењето на претпријатието. Целта на овие извештаи е да се информира за работењето на претпријатието за периодот од јануари до декември 2020 година, споредено со периодот од јануари до декември 2019 година. Секој извештај содржи показатели од тековната година, споредени со истиот период претходната година.

Извештаите се изготвени во согласност со законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.

За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат реална слика за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Пехчево.

***1.1. Биланс на успех***

| | | | Биланс на успех |
|---|---|---|---|
| Р.број | | 2020 | 2019 |
| 1 | ***Приходи од работење*** | **16.030.440** | **15.899.009** |
| 2 | Приходи од продажба | 14.740.499 | 15.489.592 |
| 3 | Останати приходи | 1.289.941 | 409.417 |
| 6 | ***Расходи од работењето*** | **16.011.767** | **17.245.453** |
| 7 | Трошоци за суровини и материјали | 1.610.638 | 1.645.691 |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | | |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали | 72.634 | 55.799 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 541.421 | 640.900 |
| 11 | Останати трошоци на работењето | 630.777 | 542.215 |
| 12 | ***Трошоци за вработени*** | **10.901.855** | **11.560.930** |
| 12.а | Плати и надоместоци на плати | 6.916.746 | 7.500.000 |
| 12.б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 487.259 | 562.771 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12.в | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 3.399.760 | 3.050.000 |
| 12.г | Останати трошоци од вработените | 98.090 | 448.159 |
| | | | |
| 13 | Амортизација на материјални средства | 1.467.701 | 1.331.972 |
| 14 | Останати расходи од работењето | 786.741 | 1.467946 |
| | | | |
| | ***Финансиски приходи*** | **16.030.440** | **15.899.009** |
| | ***Финансиски расходи*** | **16.011.767** | **17.245.453** |
| 15 | Добивка од редовно работење пред оданочување | 18.673 | |
| 16 | Загуба од редовно работење пред оданочување | | 1.346.444 |
| 17 | Данок на добивка | 1.867 | |
| 18 | Нето загуба за деловната година | | |
| 19 | Просечен број на вработени | 25 редов.вр + 5 преку Агенц | 28 редовно+ 3 преку Агенц |

Во Билансот на успех се прикажани промените кои настанале во претпријатието во временски период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, како резултат на деловната активност на истата во тој период. Овој финансиски извештај е детален преглед за сите приходи и трошоци што ги остварило претпријатието за одреден временски период и го прикажува крајниот резултат (добивка или загуба).

Од билансот на успех за целата 2020 година може да се види дека имаме зголемување на приходите, а намалување на расходите од работењето во однос на истите во претходната година.

Значително намалување имаме и во платите на вработените, поради престанок на 3 работни места.

### *1.2 Приходи*

| ВИД НА ПРИХОД | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Пехчево | 3.599.980 | 3.544.955 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Робово | 416.702 | 391.652 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Умлена | 318.726 | 270.079 |

| | | |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Чифлик | 305.315 | 281.190 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Негрево | 153.025 | 152.350 |
| Производство и дистрибуција на вода правни лица | 2.022.406 | 2.680.676 |
| Приходи од месечен фиксен надоместок | 982.565 | 955.502 |
| Приходи од канализација физ. лица Пехчево | 1.175.720 | 1.227.025 |
| Приходи од канализација физ. лица Робово | 116.659 | 113.724 |
| Приходи од канализација физ. лица Умлена | 96.496 | 88.536 |
| Приходи од канализација правни лица | 232.797 | 253.507 |
| Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа | 177.067 | 88.771 |
| Приходи од нови приклучоци | 25.500 | 46.000 |
| Приходи од обновување приклучоци | 8.000 | 7.000 |
| Приходи од ЈЦБ поврз. со водовод и канализација | 72.000 | 50.930 |
| **Вкупно приходи од водовод и канализација** | **9.702.958** | **10.151.897** |
| | | |
| Отпремување на отпад физ. лица Пехчево | 1.350.954 | 1.410.115 |
| Отпремување на отпад физ. лица Робово | 87.255 | 87.660 |
| Отпремување на отпад физ. лица Умлена | 75.555 | 77.220 |
| Отпремување на отпад физ. лица Чифлик | 71.055 | 74.880 |
| Отпремување на отпад физ. лица Негрево | 21.600 | 21.150 |
| Отпремување на отпад физ.лица Панчарево | 72.900 | 75.420 |
| Отпремување на отпад физ. лица Црник | 137.700 | 141.539 |
| Отпремување на отпад правни лица | 1.052.597 | 1.054.110 |
| **Вкупно приходи од отпремување на отпад** | **2.869.616** | **2.942.094** |
| | | |
| Приходи од одржување на гробишта | 625.660 | 629.510 |
| Приходи од продажба на гробно место | 205.760 | 156.960 |
| Приходи од издавање на Одобрение за погреб | 7.599 | 6.900 |
| Приходи од Оператор на гробишта | 31.000 | 14.500 |
| Приходи од каменорезач на гробишта | 13.000 | |
| **Вкупно приходи од гробишта** | **883.019** | **807.870** |
| | | |
| Приходи од ЈЦБ | 275.549 | 106.139 |
| Приходи од камион Дигалка | 99.665 | 50.467 |
| Приходи о трактор, килта и др. | 22.547 | 4.180 |
| **Вкупно приходи од механизација** | **397.761** | **160.786** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 547.000 | 100.000 |
| Приходи од извршување и судење | 193.131 | 14.843 |
| Приходи од пазаришни тезги и резервации | 123.226 | 188.878 |
| Приходи од Договори за услуги со Општина Пехчево | 763.902 | 1.234.350 |
| Вишоци по попис | 364.006 | 224.738 |
| Приход од повраток на здравство | 182.080 | 22.622 |
| Останати приходи од работењето | 3.741 | |
| **Вкупно останати приходи** | **2.177.086** | **1.773.728** |
| **ЗБИР НА ПРИХОДИ** | **16.030.440** | **15.889.009** |

Од прегледот на приходите по одделенија детално може да се види структурата на приходите за 2019 и 2020 година одделно по ставки. Во 2020 година имаме зголемени приходи од вода- физички лица, но големо намалување на приходите од вода - правни лица. Намалувањето на приходите од производство и дистрибуција на вода се должи во најголема мера заради намалената цена на водата за сточарите, бавчите и ливадите, за кои што истиот период во 2019 година се фактурираше како индустриска вода, а сега цената е изедначена со цената на физичките лица. Исто така намалена е потрошувачката на вода и од страна на најголемиот потрошувач Нова Рефрактори, некои деловни субјекти работеа со намален капацитет, а дел воопшто не работеа заради ситуацијата со пандемијата.

Приходите од делови и поправки на мрежата се зголемени, додека приходите од нови приклучоци за вода и канализација се намалени споредбено спо истиот период лани.

Приходите од канализација се исто така намалени, што е логична последица од самото намалување на приходите од вода.

Кај приходите од отпремување со отпад имаме намалување во однос на ланската година, но и ако се споредат приходите и трошоците за ова одделение, се забележува дека трошоците се поголеми од приходите. Ова се должи на фактот што имаме зголемување на вработени за собирање на изнесување на смет преку Агенција за привремени вработувања, како и фактот што цената за месечно изнесување на отпад за физички лица е премногу мала и неодржлива. Со приходите од оваа дејност не можат да се покријат ниту основните трошоци потрбни за нормано фунционирање на ова одделение.

Поголем пад на приходите, има во приходи од пазаришни такси и резервации зради постојаното намалување на пазаришните тезги во 2020 година.

Приходите од услуги по Договор со Општина Пехчево драстично намалени, дури над 62%, што се должи на фактот дека во тековната

година Договорите за извршување на услугите се со нереални цени кои не ги покриваат ниту стварните трошоци направени за вршење на овие услуги, како и заради разликата во приходи од зимско одржување кои во 2019 година изнесуваа 253.932, а во 2020 година се 32.527 денари.

Приходите од механизација во 2020 во однос на 2019 се зголемени, што се должи на поголемиот број на извршени услуги со Скипот ЈЦБ и Камион дигалка. Сепак, приходите од механизација споредени со расходите за механизација се на половина, што се должи на стариот возен парк со кој располага ЈКП Комуналец.

Во останати приходи се сите приходи од вишоци по попис на магацин, поврат на здравство, донации, извршување и истите се зголемени во однос на ланската година. Зголемувањето се должи од соберненте донации, како и од приходите од извршување и судење.

Најголемо влијание во намалувањето на приходите оваа година е заради пандемијата со корона вирусот, заради која многу фирми не работеа со полн капацитет, а некои воопшто и не работеа, што директно влијае на намалувањето на потрошувачката на вода, и приходот од отпремување со отпад.

### *1.3 Трошоци*

| ВИД НА ТРОШОЦИ | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Плати филтер станица | 2.369.718 | 2.179.489 |
| Плати водоинсталатери | 1.822.718 | 1.832.655 |
| Електрична енергија филтер станица | 367.960 | 354.790 |
| Трошоци за телевизија | 4.982 | 2.222 |
| Сервисирање и баждарење водомери | 2.890 | 6.764 |
| Трош.за испитување на водата | 126.050 | 117.250 |
| Резервни делови за филтер станица | 9.320 | 14.040 |
| Огревно дрво филтер станица | 19.737 | 12.922 |
| Трошоци за водоводни делови | 33.950 | 36.100 |
| Трош.за хлор и др хемикалии | 127.957 | 122.328 |
| **I - Трошоци за водовод и канализација** | **4.885.280** | **4.678.560** |
| | | |
| Плати- изнесув.на отпад | 1.918.932 | 1.803.242 |
| Трошоци за нафта | 158.359 | 200.515 |
| Бруто плати агенција | 1.419.612 | 899.196 |
| Резервни делови за камион за ѓубре | 80.080 | 25.580 |
| **II - За собирање и изнесување на отпад** | **3.576.983** | **2.928.533** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Плата за возачи на машини | 368.718 | 786.120 |
| Трошоци за нафта скип (Пех.,Бер.,Вин.) | | 4.795 |
| Трошок за нафта ЈЦБ | 90.503 | 111.146 |
| Трошок за нафта камион Дигалка | 51.123 | 35.691 |
| Трошок за нафта трактор | 15.057 | 12.063 |
| Трошок за нафта сопствени возила | 23.394 | 39.589 |
| Трошок за гориво ( Лади, плин и др) | 41.272 | 74.746 |
| Трошок за гориво косачки | 8.654 | 15.683 |
| Регистрација и осигурување на возила | 28.578 | 60.072 |
| Делови за возила, заварување,сервис на возила | 33.375 | 50.741 |
| Трошоци за резервни делови Лади | 4.520 | 35.250 |
| Трошоци за резервни делови косилки | 4.150 | 5.500 |
| Трошоци за резервни делови Камион дигапка | 22.525 | 2.543 |
| Трошоци за резервни делови ЈЦБ | 31.034 | 61.953 |
| Трошоци за резервни делови трактор | | 13.469 |
| Трошоци за гуми за возила | 53.000 | 81.900 |
| Трошоци за уље и филтри | 61.540 | 28.102 |
| **III – Механизација** | **837.443** | **1.419.363** |
| | | |
| Трошоци за растур,кало на погребална опрема | 22.606 | / |
| Обештетување за погреб | 119.000 | 154.000 |
| **IV- Трошоци поврзани со погребално** | **141.606** | **154.000** |
| | | |
| Плати за управа | 2.863.123 | 3.578.839 |
| Електр.енерг канцеларии | 21.365 | 37.822 |
| Канцелариски материјали и фотокопирање | 52.556 | 73.251 |
| Поштенски услуги и карго | 37.092 | 58.867 |
| Фиксни услуги | 3.327 | 2.969 |
| Мобилни услуги | 40.032 | 55.550 |
| Интернет услуги | 8.675 | 7.611 |
| Трошоци за службени патувања | 9.584 | 17.043 |
| Весници, списанија стручно образование | 49.643 | 42.353 |
| Трошоци за објавување на оглас | 11.183 | 7.200 |
| Трошоци за реновирање | 9.000 | 175.385 |
| Дневници за УО и НО | 21.600 | 79.200 |
| Репрезентација , спонзорство и донации | 35.307 | 58.858 |
| Членарини во здруженија, такси и перс.данок.. | 58.506 | 84.468 |
| Банкарски,агенциски услуги, премии и провизии | 105.156 | 62.171 |
| Камати, казни, пенали | 786.741 | 516.873 |
| Судски трошоци и извршување | 22.283 | 91.125 |
| Нотарски трошоци | 105.045 | 16.483 |
| Адвокатски трошоци | 61.800 | / |
| Одржување на софтвер,компјутери и камери | 122.412 | 89.005 |

| | | |
|---|---|---|
| Услуги од правни лица | 67.836 | 37.820 |
| Услуги по Договор на дело | 71.900 | 13.152 |
| Одржување на хигиена и хиг.средства | 48.463 | 35.495 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 52.726 | 101.828 |
| Систематски прегледи на вработени | / | 13.400 |
| Здравствени услуги на вработените | 148.686 | 234.388 |
| Расход по директен отпис на побарувања | | 615.865 |
| Трошоци за амортизација | 1.467.701 | 1.331.972 |
| Трошоци за ХТЗ опрема за вработени | 39.746 | 138.695 |
| Трошоци за цвеќиња | / | 24.079 |
| Трошоци поврз.со Корона вирус (маски) | 33.000 | / |
| Трошоци за огревно дрво (канцеларии и работници) | 54.474 | 40.844 |
| Кусоци, растур,кало на рез.делови и инвентар | / | 335.210 |
| Останати трошоци, ситен инвентар и др.материјални трошоци (издатница) | 93.644 | 87.176 |
| **IV - Управа и останати трош.од работењето** | **6.502.606** | **8.064.997** |
| **Вкупни трошоци I+II+III+IV** | **16.011.767** | **17.245.453** |

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Имаме зголемување на трошоците за вода и канализација во 2020 во однос на 2019 година, во ставката на плати на вработени на филтер станица заради исплата на надоместок за ноќни смени, зголемување на минималната плата на дел од вработените, зголемени трошоци за хлор и други дезинфекциски средства со кои имавме обврска да вршиме дезинфекција на јавни површини, контејнери, заради пандемијата. Во однос на намалувањето на трошоци за потрошените резервни делови, се должи на помалиот број на санирање на дефекти. Трошоците за испитување на вода се малку зголемени во 2020 година заради почестото земање на мостри за испитување заради пандемијата.

Трошоците за огревно дрво се зголемени во 2020 во однос на 2019 година, но овие трошоци се последица на временските услови.

Трошоците за собирање и изнесување на отпад се трошоците за платите за Раководител на одделение за собирање на отпад и сите вработени во ова одделение, нафта за камион за смет, одржувачите на паркови и зеленило, резервни делови за камионот за ѓубре и тн. Овие трошоци се значително поголеми во однос на истиот период 2019 година, бидејќи имаме зголемување на бројот на вработени во ова одделение преку Агенција за ПВ, а и заради законското зголемување на платите на вработените во ова одделение со покачување на минималната плата.

Удел во зголемувањето на трошоците исто така има и тоа што во 2020 година на возилото за смет му беа заменети и неколку резервни делови.

